ТЕМПЛУМ
ЛИФТ Бр.2-3
ФЕВ.-МАРТ 95

100 ден.

120 СТРАНИ!

# ЛИФТ

КРАМБ
БРАУН
ПУЛГА
ПЕШОВ
СТАНКОВСКИ
ВУЛКАНСКИ
БАРИ
ГИЛИАМ

ИСТОРИЈА НА АМЕРИКАНСКИОТ СТРИП (2)

СТРИП
СЛИКИ
И ЗБОРОВИ

СПИСАНИЕ ЗА ПОСТ-УМЕТНИЦИ

**Р. КРАМБ**

3 ВОВЕД
5 АВАНТУРИТЕ НА Р. КРАМБ
9 ГРЕВОЈКА
19 КРАМБ - ПОРТРЕТИ

ПЕШОВ 22
СТАНКОВСКИ ВУЛКАНСКИ ЛАБРИС 71

Ч. БРАУН ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН 29
Л.БАРИ ШЊУРАЊЕ 60
Ј.ПУЛГА ЧЕКАЈЌИ ГО... 68

ИСТОРИЈА НА АМЕРИКАНСКИОТ СТРИП (2) 104
ТЕРИ ГИЛИАМ ПРИВАТНО ТЕФТЕРЧЕ... 113
ИЗЛОЖБА 117

Двоброј, нема друго решение. Сè додека не дојдеме до фазата троброј итн. Лифт (како и Маргина, како и речиси сè во Темлум) се работи ударнички, тоа е парадоксот на нашето време, на тоа ќе треба да се научиме. Зошто само железница? И лифт и компјутер и филм за оскар и ракета еден ден, дај боже, ќе направиме, така волонтерски. Без шегачење, супер сериозно: тоа е нашата судбина, наспроти кретеноидните наследници на тато, наспроти пиљарските деца во мерцедеси, наспроти истите такви социјалистички деца (бели, македонци, богати, сигурни и глупи) по бирократските институции на оваа кревка држава, наспроти сето тоа мртво море - останува креативната страст да се создаде нешто поразлично и подобро, останува отпорот и бунтот, стратегијата на (одговорна анархија & милитаристичка опуштеност!) создавање некој тип гета за пар луѓе, за еден ден да не се срамиме од сопствените траги и да зборуваме за "објективните" околности...

И стриповите во овој Лифт се такви: субверзивни во однос на било какви стереотипи, и со јаки "артистички" примеси. Крамб е апсолутна легенда, човек кој и по триесет години инспирира некои нови бунтовнички клинци; Честер Браун е помлад, но има прилично респектибилен опус, а неговиот Ед ќе го гледате и во следните три Лифта; Линда Бари (Barry) е од Чикаго и веќе има десетина книги од нејзиниот стрип Ernie Pook's Comeek, а има објавено и еден роман: The Good Times Are Killing Me; Пулга (Jayr Pulga) е сликар од Њујорк и повремено уредник во Raw. Тука е и славниот монтипајтоновец Тери Гилиам со неговите цртежи. Од домашната сцена освен контроверзниот Наци Коминтерна на чудниот тандем Станковски/Вулкански имаме и шест одлични табли на едно типче кое е мало откровение: Бобан Пешов.

Да имавме малку повеќе пари Лифтов ќе имаше пар колори повеќе и ќе беше уште подебел. Можеби следниот (двоброј април-мај) ќе биде таков.

П.С. Извинување за оние што се навредиле поради малку нетактичните зборови за односот меѓу европскиот и американски стрип. Лифт допрва ќе се џитне кон Европјаните, не се вознемирувајте и чекајте!

*Abbe Buzoni*

Одговорен уредник: П. Вулкански
Графички уредник: Н Гелевски
Компјутерско уредување: КОМА
Адреса: Александар Мартулков 13, Скопје ☎ (091) 317-008, 31 11 22

Насловна страна: Нада Прља & Бобан Пешов (користен 3D STUDIO)
Соработници: Сања Фрковиќ, Smile, Дијана Арсовска, Венка Симовска

# CRUMB

Роберт Крамб е несомнено највлијателниот андерграунд стрип-уметник во втората половина на дваесеттиот век. Роден е на 30. Август 1943 год. во Филаделфија, пораснат во духот на католицизмот (учи католичко школо, семејството му е религиозно...).

Создава бројни ликови (Мачорот Фриц, Хуман Шуман, Г-дин Природен, Сноуд и многу други, а со текот на времето станува главен јунак на своите стрипови) кои се дел од американската андерграунд митологија. Мајстор е на комично-урнебесниот жанр. Неговата обемна библиографија од околу 544 стрипови е содржана во збирката на Доналд Фајн - "CRUMB CRECKLIST".

Тој е покренувач на првиот андерграунд стрип ZAP COMIX.

Освен како Роберт Крамб, овој легендарен стрип уметник се потпишувал и како: Cum, Crumbum, Crud, Krumb, Crustt, Grunge, Scum, Scrum, Crumbski, El Crummo, R. Grubb, Crumarums, Crunk, Krumwitz, Crum the Bum, Bob Scumb и т.н.

Лифт во следните неколку броја ќе претстави дел од творештвото на Р. Крамб.



# КРАМБ ЗА СЕБЕ




...Знаеш, јас сум тип што многу повеќе сака да седи дома и црта, отколку да се бори со реалниот свет... Оваа ориентација е добра за творештвото, но може да биде многу опасна по опстанокот... Она што е навистина интересно во уметноста, музиката, литературата, е создадено од луѓе за коишто не може баш да се каже дека супер се снашле во светот, и честопати тие имаат патетични, зафркнати животи... Земете една таква личност, направете ја славна на млади години, и има големи шанси дека резултатот ќе биде: брз слом, зависност од дрога, често дури и СМРТ! Ете тоа е приближно она што јас бев во раните седумдесетти!

Кога сте во позиција да бидете славен, дури и кога славата е скромна како во мојот случај, сите се обидуваат, на секој начин, да ве вовлечат во најразлични глупости. Ужас! Глупостите не престанаа откако станав најсаканиот американски стрипаџија во 1968 год. Тоа беше потоп од бесмислици. До одреден степен научив да живеам со тоа, инаку, би морал да се повлечам, да дадам отказ - да исчезнам...безброј пати во животот се прашував себеси, има ли сето тоа срање воопшто некаква смисла?
...Како да се продолжи да се биде креативен, спонтан уметник сред сите тие срања, беше главен предизвик во мојот живот од 1968 па наваму.
И често се прашувам дали го направив вистинскиот избор. Ништо што сум направил после доцните шеесетти, ја нема волшебноста на тие рани дела. Претпоставувам дека најдов други извори на инспирација што ги прават делата интересни - но навистина често мислам дека вистинските дела се појавија на стрип сцената во 1971 год. и никогаш повеќе не се повторија... "Не", "Не", ќе извикаат моите фанови, ти направи многу добри ствари после тоа! Даа, можеби јас едноставно сум невротичен - како и да е, сето тоа е реторичко прашање...кој има слобода на избор во тие ситуации?
...
Кога веќе станав славен, од мене се очекуваше многу. Сиот свет врескаше со испружени раце "дај ни стрипови", "сакаме стрипови!"...така барем мене ми се чинеше. Сите мали издавачи на андерграунд стрипови во тоа време ме преплавуваа со молби и барања да ги обезбедам со стрипови... Бев најпознатиот уметник... Моја книга или приказна секогаш добро се продаваше...Чувствував дека врз мене е сета одговорност да ги одржам во живот тие неколку мали издавачи, да ги задржам во бизнисот...зарем тоа не е она што сега се нарекува "взаемна зависност"? Егото ми беше огромно...мислев дека сите тие ќе пропаднат ако јас не продолжам да ги одржувам во живот со Р. Крамб-стриповите. Целиот СВЕТ ќе се распадне...цивилизацијата ќе исчезне, ако јас не ги одржувам овие компании! За жал, последица од оваа патолошка хистерија беше опаѓање на квалитетот на мојата работа. Визијата потемне, се растури. Се обидував да ги задржам високите стандарди, но квантитетот стана моја главна грижа. Освен тоа, ми беше сé потешко и потешко да се концентрирам. Секогаш имаше некои луѓе наоколу, телефонот ѕвонеше нон-стоп. Чистата, врела инспирација од 66 - 67 г. исчезна...о, добро...на крајот на краиштата, сé уште бев многу млад...не бев толку стар колку што се чувствував....имав уште многу да учам...
...
Ако не излезев на крај со сите тие проблеми со славата во седумдесеттите, ќе морав да се откажам од целата работа со стриповите и да правам нешто друго. И тогаш сериозно размислував за таа можност. Но, всушност, јас сум тотално неспособен за било која друга работа. Морам да правам стрипови или да УМРАМ!




The Adventures of
R. CRUMB
Himself
by R. Crumb
ЌЕ СЕ ПРОШЕТАМ...
АВАНТУРИТЕ НА
Р. КРАМБ
ЛИЧНО


ГОСПОД МЕ САКА,
ЈАС ТОА ГО ЗНАМ,
СО БИБЛИЈАТА ИМАМ МАКА
И НЕ МИ Е СРАМ...
МИ ТРЕБА ПРОМЕНА...
ТРЕБА ДА ОДАМ НА КУРС
ИЛИ... НЕКОЈА ПРОФЕСИОНАЛНА
ОБУКА
ОВА МИ
ЛИЧИ НА ДОБРО
МЕСТО... Г-ГУЛП
Национално
Училиште
за тешко
душење
МИЛО НИ Е ШТО СТЕ
СО НАС. НАВАМУ Г-ДИН.
КРАМБ.
ОПС!
ИМАМЕ НОВ
КОПИЛ! ОБРАБОТЕТЕ
ГО ДОБРО!
THUD!
ДОБРА КЛОЦА
СЕСТРО!
ДОГОВОРЕНО
СЕСТРО!
ОФ!
СУРОВ Е
ЖИВОТОТ,
КРАМБ!
КУЧЕШКИ,
КУЧЕШКИ Е ЖИВОТОВ,
БОБ.
SLAP
МОРА ДА
НАУЧИШ, ДА
РАЗБЕРЕШ
НИЕ ТЕ УЧИМЕ
НА ФИНИ РАБОТИ:
ЧЕСНОСТ
СКРОМНОСТ
ПОСЛУШНОСТ...
ЛОЈАЛНОСТ, ПОЧИТ,
ШТЕДЛИВОСТ, ТРПЕЛИВОСТ...
ЉУБОВ...
BIF
САМО-
КОНТРОЛА
ДИСЦИ-
ПЛИНА
CRUNK
CRACK
CRUNCH
SOCK
SMASH


ДОЛЖНОСТ, ЧЕСТ, НАПОРНА РАБОТА, БУДНОСТ, И ЦВРСТ КАРАКТЕР...
СТАВИ ГИ НАОЧАРИТЕ...
СЕГА СИ СПРЕМЕН ЗА ДИПЛОМАТА... ГАЌИТЕ ДОЛЕ, МОМЧЕ!
ЕВЕ ГО СЕСТРО! СПРЕМЕН Е ДА ИЗЛЕЗЕ НАДВОР И ДА СЕ СООЧИ СО ДОЛЖНОСТИТЕ КАКО ДОСТОЕН ЧЛЕН НА ОПШТЕСТВОТО!
ЌЕ БИДЕ ГРАЃАНИН ЗА ПРИМЕР!
ОХ, ВИКНЕТЕ ДОКТОР!
ЗАВРШИ ДОБРА РАБОТА... ИСПРАВИ СЕ, Г-ДИН. ОХ... ...КРАМБ!
ДА...
ВО ИМЕТО НА ОТЕЦОТ И СИНОТ И СВЕТИОТ ДУХ, ТЕ ПРОГЛАСУВАМ ЗА...
ЕЈ! ШТО ПРАВИШ? ТОА Е МОЈОТ...
СЛУГА ГОСПОДОВ!
ДА НЕ СИ СЕ ОСМЕЛИЛА, КУЧКО!
ZIP
ЕВИ ВИ ЗА ГОСПОД! ЈАДЕТЕ КАЛУЃЕРСКИ МОЗОК, ВИЕ ГНАСИ ЧОВЕЧКИ!
ОВА Е КУЛ!


ЗЕМЕТЕ СИ ГО ВАШЕТО "ОБРАЗОВАНИЕ" И БУТНЕТЕ СИ ГО ВО ГЗ.
ПОДОЦНА ЗА ОВА СРАЊЕ!
ХЈУ!
ВАУ! АМА СМРДИ!
ПСССТ...
А?
SCREEE
БОМБИ? ПИШТОЛИ? МУНИЦИЈА?
ЗАВЕРИ? ИНТРИГИ? КОНСПИ-РАЦИИ?
PUFF PANT
ХММ.. НЕ ЗАБЕЛЕЖУВАЈТЕ МИ АКО... ДАЈ МИ ЕДНА СО КРАТОК ФИТИЉ!
ЕВЕ,ЕВЕ... ОДЛИЧНА СТВАР... ...ТОА Е ДВА ЧЕТВРТА!
ФАЛА ТИ... ЕВИ ТИ ПОЛА ДОЛАР... ЗАДРЖИ ГО КУСУРОТ!
ЦЕПАЈ БАТКА!
РАЗНЕСИ ГО! СВЕ МУ ЕБЕМ!
НЕМА ВИШЕ КУРВИНСКИ РЕДОВИ!
СЛОБОДЕН СИ БОБИ!
SCHOOL OF HARD KNOCKS
BLOOEY
УАУ! СЕ КЛАДАМ ОВА ЌЕ ГИ ЗАПРЕ ВО НИВНИТЕ СПЛЕТКИ! УХ, УХ!
6,347
ОВА ПОВЕЌЕ МЕ ПАЛИ!
Училиште за тешки дупачи
ЗДРАВО ДЕВОЈКИ!! КАДЕ ДА СЕ ЗАПИШАМ!
ЗАБАВА!
ТОА СУМ ЈАС, МАШКА ШОВИНИСТИЧКА СВИЊА... НИКОЈ НЕ Е СОВРШЕН...
—R. CRUMB


A GURL
ГРЕВОЈКА
ЕДЕН ДЕН ГРЕВОЈКАТА ЗЈАПАШЕ НИЗ СВОЈОТ ПРОЗОРЕЦ...
НЕМАШЕ НИКОГО НАОКОЛУ ДА ЈА ЗАИНТЕРЕСИРА. ТАА САМО ЅВЕРШЕ СО ОТВОРЕНА УСТА...
...И ЛАБАВО ГО ИСТЕГНА СВОЕТО ТЕЛО. ПОТПРЕНА НА ЕДНАТА НОГА, СЕ ЛИЗГАШЕ СЀ ПОБЛИСКУ И И ПОБЛИСКУ ДО ПОДОТ.


НАБРГУ ГРЕВОЈКАТА СЕ ОДДАЛЕЧИ ТОЛКУ МНОГУ ШТО ПОЧНА ДА ЧУВСТВУВА ТЕЖИНА НА НОГАТА...
... ЈА СМЕНИ НОГАТА, НО ПОВТОРНО ТАА Ѝ СЕ ЛИЗГАШЕ ПО ПОДОТ ИСТО КАКО ПРЕД МАЛКУ...
ПОЧНА ДА ГИ ЧЕПКА НЕПЦАТА. СЕ ЗАГРИЖИ ЗА СВОЈАТА ГРДА НАСМЕВКА...
ОВАА ГРЕВОЈКА БЕШЕ ОТСЕКОГАШ ЗАГРИЖЕНА ПОРАДИ ГРДОСТА... ГОЛЕМИОТ НОС, ИСПАКНАТИТЕ ЗАБИ И Т.Н. И Т.Н. ...
ПОЧНА ДА СЕ ДОСАДУВА... ...БЕШЕ ПОТПРЕНА НА ДЕСНАТА НОГА, ПА НА ЛЕВАТА, ПОВТОРНО НА ДЕСНАТА...ЛЕВАТА...
ПОЧНА ДА ЛИЧИ НА ТАНЦ: ЛЕВА, ДЕСНА, ЛЕВА-ДЕСНА-ЛЕВА! ЛЕВА, ДЕСНА, ЛЕВА-ДЕСНА-ЛЕВА! ПОЧНА ДА МЕША СО КОЛКОВИТЕ КАКО ХУЧИ-КУЧИ ДЕНСЕР, ДВИЖЕЈЌИ ГИ НОЗЕТЕ НАНАДВОР И НАВНАТРЕ ВО ДРКАЦИСКА, СЕКСИ ПОЗА...


ЈА ОБЛЕА БРАН НА ЗДОДЕВНОСТ... ТАА СЕ СПУШТИ НА КОЛЕНА...
СЕ СПУШТАШЕ СЀ ПОДОЛУ, БЕШЕ РЕЧИСИ НА СТОМАКОТ, ФАЌАЈЌИ СЕ СО ЗАБИТЕ ЗА РАМКАТА НА ПРОЗОРЕЦОТ...
ГИ СПУШТИ РАЦЕТЕ ОД ПРОЗОРЕЦОТ И СЕ ДРЖЕШЕ ЗА НЕГО САМО СО ВИЛИЦИТЕ...
ТАА СИЛНО ЈА ГРИЗНА РАМКАТА ОД ПРОЗОРЕЦОТ СО СВОИТЕ ГОЛЕМИ ЗАБИ, СЀ ДОДЕКА НЕ ГО ПОЧУВСТВУВА ВКУСОТ НА СТАРАТА ПРАШЛИВА БОЈА...
CRUNCH
ГИ ВКОЧАНИ НОЗЕТЕ И БАЛАНСИРАШЕ СО ЦЕЛОТО ТЕЛО ЕДИНСТВЕНО ПОТПРЕНА НА "КОМПИРИТЕ" ОД ПРСТИ И ПЕРВЕРЗНО ДРЖЕЈЌИ СЕ ЗА ПРОЗОРЕЦОТ. САКАШЕ ДА ИЗВЕДУВА СЛИЧНИ АКРОБАЦИИ КОГА БЕШЕ САМА...
УСПЕА ДА ЈА ОДРЖИ ОВАА ПОЗА ЗАЧУДУВАЧКИ ДОЛГО ВРЕМЕ... МОЖЕШЕ ДА ГО СЛУШНЕ ТЕЛЕВИЗОРОТ ВО ПРИЗЕМЈЕТО ШТО СЕ СЛУШАШЕ И ЗВУЧЕШЕ КАКО КОНТИНУИРАНО КОНЗЕРВИРАНА СМЕА.


ГРЕВОЈКАТА ПРОДОЛЖИ ДА СЛУША НО НЕ БЕШЕ СИГУРНА ДАЛИ Е ВИСТИНА ИЛИ ХАЛУЦИНИРА... МОЖЕБИ Е БРМЧЕЊЕ НА МОТОР ВО ДАЛЕЧИНАТА... НЕЈЗИНИТЕ НОЗЕ СЕ ТРЕСЕА ПОД ТЕЖИНАТА НА НЕЈЗИНОТО ТЕЛО...
ГРЕВОЈКТА НЕ МОЖЕШЕ ДА ИЗДРЖИ ПОВЕЌЕ, СЕ ИСПРАВИ И СЕ ПОТПРЕ НА КОЛЕНАТА, ЧУСТВУВАЈЌИ СЕ ИСПОЛНЕТА И ИСЦРПЕНА...
НА РАМКАТА ИМАШЕ ВИДЛИВИ ТРАГИ ОД ЗА-БИТЕ И ДОСТАТНА КОЛИЧИНА ПЛУНКА ШТО КАПЕШЕ НА ПОДОТ... ...Й ТЕКНА ДА ОДИ ДА ГЛЕДА ТЕЛЕВИЗИЈА...
ЈА ИЗБРИША ПЛУНКАТА СО РАКАВОТ ОД БЛУЗАТА...
...ПОТОА ГО ОЧЕША РАКАВОТ ОД СВОЈАТА СУКЊА.
ГРЕВОЈКАТА РАЗМИСЛУВАШЕ ДАЛИ ИМА НЕШТО ДОБРО НА ЛАГЕР ВО ОВА ВРЕМЕ, ГИ ОСТАВИ РАЦЕТЕ ДА Й ШЕТААТ ПО Г'ЗОВИТЕ ОКОЛУ И ОКОЛУ ДВЕТЕ ЦВРСТИ ПОЛУТОПКИ...
НЕНАДЕЈНО СЕ ЗАСРАМИ ПРИ ОСЕТОТ ДЕКА ИМА ГОЛЕМ ГАЗ! НЕЈЗИНИОТ ГОЛЕМ ГАЗ БЕШЕ КОНСТАНТЕН ИЗВОР НА НЕЗАДОВОЛСТВО ЗА ГРЕВОЈКАТА...


ГИ СТЕГНА МУСКУЛИТЕ НА ГЗОВИТЕ, ПРАВЕЈЌИ ГИ ШТО Е МОЖНО ПОТВРДИ И ПОЦВРСТИ, А ПОТОА ГИ УДИРАШЕ СО СВОИТЕ ТУПАНИЦИ... СЕ ЧУВСТВУВАШЕ ДОБРО ПРАВЕЈЌИ ГО ТОА...
THUD
ТАТКО Ѝ ЈА ВИКАШЕ "ДЕБЕЛ ГЗ". ТОЈ МИСЛЕШЕ ДЕКА ТОА Е СМЕШНО...ВЕЛЕШЕ: "ЕЈ, ДЕБЕЛ ГЗ НАПРАВИ ЈАДЕЊЕ!" И СЕ СМЕЕШЕ. НАВИСТИНА ЛИ Ѝ БЕШЕ ТОЛКУ ГОЛЕМ? ИЗГЛЕДАШЕ ДОСТА ГОЛЕМ...
СЕ ПРАШУВАШЕ ЗОШТО И ШТРЧИ ТОЛКУ.... МОЖЕБИ ТОА Е НЕЈЗИН ЛИЧЕН ПРОБЛЕМ...
СО ДОЗА НА САМОСОЖАЛУВАЊЕ ГРЕВОЈКАТА СЕ ТРТНА ВРЗ СВОИТЕ ПЕТИЦИ, ПОТПИРАЈЌИ ЈА БРАДАТА НА РАМКАТА ОД ПРОЗОРЕЦОТ.
ГО ВРТЕШЕ ГЗОТ ОКОЛУ ПЕТИЦИТЕ, ПОСТЕПЕНО ЦЕНТРИРАЈЌИ ЈА ЕДНАТА ПЕТИЦА ДИРЕКТНО ПОД МЕЃУНОЖЈЕТО...
ПОТОА ЈА СТАВИ НЕЈЗИНАТА ДЕСНА НОГА ДАЛЕКУ ЗАД СЕБЕ, ДОЗВОЛУВАЈЌИ Ѝ НА ЛЕВАТА ПЕТИЦА ДА НАВЛЕЗЕ ПОДЛАБОКО ВО ДУПКАТА МЕЃУ НОЗЕТЕ...
СЕ ПРЕВИТКУВАШЕ ОКОЛУ ПЕТИЦАТА ОД СВОЈАТА КОНДУРА, БЛАГО ВОЗБУДУВАЈЌИ СЕ... РАЗМИСЛУВАШЕ ЗА ЈАВАЊЕ КОЊИ, И ПОЧНА ДА ПОТСКОКНУВА ГОРЕ-ДОЛЕ, ЈАВАЈЌИ НА СВОЈАТА ПЕТИЦА...И СТАНА МНОГУ ВОЗБУДЕНА!



ПРОДОЛЖИ СЀ ПОЖЕСТОКА ДА ЈАВА... СЕГА ПОЧНА ДА ГАЛОПИРА...А ДОЛУ СТАНУВАШЕ СЀ ПОВЛАЖНО...
SKVISH SKIRCH
SQUINCH SQUEEP
ТАА БРЕФТАШЕ И СЕ ТРКАЛАШЕ, ЅВЕРЕЈЌИ СЕ ВО ПРАЗНО ГОРЕ ВО ТАВАНИЦАТА КАКО ДА ЈАВА КОЊ. НАЈПОСЛЕ СЕ ОСЛОБОДИ НЕШТО ОД НЕЈЗИНАТА ВНАТРЕШНОСТ И СЕ СЛУШНА ЧУДЕН ЗВУК.
UUNNH!
SPLURK
ТАА НЕЖНО СЕ СИМНА ОД СВОЈОТ ВЕРЕН КОЊ-ПЕТИЦА И ЛЕГНА НА ТЕПИХОТ ДВИЖЕЈЌИ ГИ БАВНО НОЗЕТЕ НАПРЕД И НАЗАД.
ДОСТА ДОЛГО ЛЕЖЕШЕ ТАМУ, НЕ РАЗМИСЛУВАЈЌИ НИШТО, САМО ГЛЕДАШЕ НИЗ ПРОЗОРЕЦОТ ВО НЕБОТО...
СЕ СВРТЕ НА СТОМАКОТ, ЧУВСТВУВАЈЌИ СЕ НЕОБИЧНО СКИСНАТА И ОСАМЕНА, ПОЧНА ДА ЈА ОБЗЕМА ЧУВСТВО НА ВИНА ПОРАДИ МАСТУРБИРАЊЕТО... ... Ѝ СЕ ПРИМОЧА ...
БРЗО СТАНА, НЕНАДЕЈНО ПРИСЕЌАВАЈЌИ СЕ ДЕКА Е ВРЕМЕ ЗА ВЕЧЕРНАТА ШОУ ПРОГРАМА, ЗАЧЕКОРИ КОН ВРАТАТА И СЕ УПАТИ КОН КЛОЗЕТОТ...
ДОБРА НОЌ ГРЕВОЈКО, КАДЕ И ДА СИ!!
КРАЈ

# ЗА НОВАТА КНИГА "КАФКА ЗА ПОЧЕТНИЦИ" ОД КРАМБ/МАИРОВИЦ

# КРАМБЕСКА



Што им е заедничко на: Питер Милиган (Piter Miligan), Брет Евинс (Brett Ewins), Кенет Смит (Kenheth Smith) и Роберт Крамб (Robert Crumb)? Па, добро, малку е очигледно. Појдете во која и да е библиотека и неизбежно ќе налетате на куп литература и критички прегледи за Кафка, и, во овој случај, *Кафка за почетници* од Дејвид Зејн Маировиц (David Zane Mairowitz) и Роберт Крамб тешко би можеле да додадат нешто ново во неговото толкување.

Овој буквар од 175 страни содржи биографски текст со илустрации и адаптации на Кафкините кратки приказни и новели. Би се обложил дека повеќето од читателите на Comics Journal досега веројатно ја купиле оваа книга, чисто од љубопитност. Како еден од последните преживеани "стари мајстори", Крамб едноставно заслужува внимание. Но овде се јавуваат и потенцијални проблеми. Веројатно за првпат, Крамб соработува со некој кој не е запознат со уметноста на стрипот, а освен тоа невротичноста и Еврејството се нешто по кое не го паметиме самиот Крамб.

Се сомневам дека Маировиц адаптацијата на оваа книга му ја препуштил на Крамб и неговите решенија. Крамб можеби бил оставен да го илустрира биографскиот материјал без никаков надзор од страна на Маировиц, но јас сериозно се сомневам во тоа, бидејќи постојат одредени делови во книгата кои сугерираат извесна кохезија - како на пр. онаа сцена во која група академци кажуваат "мудрости" за Кафка, вклучувајќи и такви бисери како на пр: "Сликите на сонот се чини дека ги спојуваат Кафкиното искуство од борделите со сексуалноста на неговите родители и готвењето на неговата мајка"; или: "Диетални навики не помалку строги од оние на ортодоксниот Јудаизам, го помогнаа неговиот изгон од општеството".

Постои уште еден дел од книгата во кој Маировиц се обидува да ги спои противречностите во Кафкиниот живот. Овде забележливо слабото здравје на Кафка е во контраст со неговите долги шетања и пливањето во зима. Како додаток на ова, Кафкиниот очигледен аскетизам и нелагодност во сексот ("казна за среќата да се биде заедно") се уфрлени во конфликт со неговите лесни односи со проститутките и со неговите чудни еротски односи со неговите свршенички. Крамб (со право или не), се чини, ги нагласува овие противречности премногу едноставно, прикажувајќи еден, би рекол, напнат Кафка, кој ја држи раката на неговиот непопустлив татко, кога одат на лекција по пливање, на пример, како прво, и потоа прикажувајќи еден исто толку истоштен Кафка како заедно со една одбрана проститутката оди во кревет. Дали од ова би требало да заклучиме дека коренот на неговите чувства на неприлагоденост и сомнеж во себе го чини искуството со проститутките и со неговиот татко?

Но сега еве и едно предупредување за верните читатели на Крамб. *Кафка за почетници* едноставно по било која основа не е како: "*Кога црнците ја заземаа Америка*". Всушност, најблизу до чистиот неразреден Крамб е претставувањето на "ритуалното убиство" кадешто се прикажани еден расчеречен зајак и еден лигав Евреин кој држи нож над својата жртва. А сето тоа во име на расната еднаквост (којашто беше на дневен

ред, претпоставувам, и во "*Кога проклетите Евреи ја заземаа Америка*). Во најголемиот дел, ова е Крамб каков што го познаваме во неговите стрипови за валканата перална, но со енергични напори во туширањето и композицијата. Затоа е делумно чудно што издавачите на оваа книга ги нагласуваат андерграунд корените на уметникот, кога се чини дека Крамб ја приспособил својата работа за уште едно комерцијално издание.

Па, дали е ова Крамб кој би го одобрил и Берн Хогарт? Тука сигурно има добри цртежи: еден убаво туширан крт кој малку личи на зајак во неговата адаптација на *ДУВЛОТО* и извонредните доловувања на Кафкиниот однос кон девојките на Кафка, особено кон Милена Јасенска, којашто ја гледаме во разни идилични предели заедно со Кафка. Без сомнение, поголемиот дел од успехот на Крамб се должи на Маировиц (и Кафка, фала богу), кој користи доста сликовит јазик низ целата книга.




Тој исто така дава продорен коментар кон адаптираните приказни, она за коешто сметам дека е неопходно, но за жал не постои во повеќето адаптации на пазарот. Овде ги вбројувам и оние адаптации наменети во суштина за тинејџери или за помладите возрасни, како класичните илустрирани серии (најдобрата од нив, *МОБИ ДИК* од Бил Сенкиевич (Bill Sienkievitz) можеби и не го опфаќа текстуалниот критицизам, но содржи делови од самиот уметник). Историчност, симболизам и алегорија можат да се сретнат во илустрациите, коишто наспроти беглото илустрирање на текстот, ја преземаат улогата на коментатори и интерпретатори. И ако некој ја занемари важноста или естетскиот изглед на ваквите адаптации, едноставно би можел да се наврати на празната адаптација на *Хамлет* од Грант и Мамдрејк, како една лекција (како не смее да се работи). Сето ова изгледа како сосема непотребно за книги како *Том Соер* од Мајкл Плуг (Michael Ploog) кадешто самата адаптација служи како вовед. Тука нема ништо поважно од чувството за период и предизвикување заинтересираност за оригиналното дело, и креирање на чувство на уживање *кое го обиколува текстот.* Но, како сето ова функционира во *Кафка за почетници*? На пример - делот "*Во казнената колонија*" е адаптиран и од Крамб/Маировиц и од Милиган и Евинс (Milligan / Ewins). Споредбата на двете адаптации можеби ќе ни помогне во откривањето на некои спорни места во текстот. За адаптација на својата сторија Милиган користи 8 стр. додека Маировиц користи 10 стр., нешто помал формат. Интересно е како и двајцата уметници користат слични сцени од текстот, при илустрирањето. Се разбира, некои од нив се неодминливи, како парчето чоја вметнато во устата на војникот, или парчето хартија врз кое се записите на мачителот. Но во неговата адаптација Милиган оди во детали, објаснувајќи го не само значењето на војникот, туку и тивкиот очај на офицерот. Неговиот коментар е објективен и во исто време сериозен (како што е случај и со Маировиц) но и самосвесен (објаснувајќи ги Евинсовитѐ цртежи, и ставајќи ги на коцка неговите лични чувства за Кафкината литература). Тој дури успева во својата адаптација да вклопи и делови од писмата кон Милена. Единствено Евинс го изневерува Кафка со неговото не толку возбудливо туширање и монотони композиции (не треба да се напоменува дека Крамб е одличен и во двете области). Несоодветностите што се пројавуваат во сторијата (како претставувањето на војникот свиткан наместо испружен) веројатно се должат на неуспехот во комуницирањето помеѓу Милиган и Евинс. Од друга страна, една интересна коинциденција е создадена кога Маировиц ја завршува својата сторија со Крамбовиот цртеж на еден клинец како минува низ лицето на еден офицер; ова е интересно бидејќи самиот Маировиц покажува желба да ја заврши сопствената адаптација, токму на тој дел, но продолжува понатаму низ останатиот текст за Кафка, за да ја прикаже бизарната чајанка и доаѓањето на еден протагонист.

Адаптацијата на Маировиц и Крамб естетски задоволува повеќе, додека Милиган/Евинсовото дело е поскратено и полично. Оваа првата исто така е и подобра адаптација точно поради овие причини. Коментарите на Милиган, можеби, ги иритирале некои од Кафкафилите но јас сметам дека се забавни и содржајни. Тој оди толку далеку што на протагонистите им дозволува да кажат "Откачи се, ти мал гњаватору" како одго-

вор на глупите "фрази на војникот", но потоа набрзина тоа го ублажува додавајќи, "Тој не го вели тоа навистина, но тоа е она што вие би сакале да го каже". Можеби една ваква авенија не беше отворена за Маировиц, или едноставно тоа не е во неговата природа. Можеби Маировиц сакал да го остави самиот Кафка да зборува за себе - нешто што тешко би можело да се случи на десеттина страници. На крајот, сé е прашање на избор.

Неколку од приказните на Кафка биле често адаптирани, како *Метаморфоза* (Metamorphosis). Најчесто овие адаптации го истакнуваат ужасното и чувството на отуѓеност содржано во приказната. Керолајн-Лифовата (Caroline Leaf) мрачна, *Метаморфозите на господин Самса* (The Metamorphosis of Mr. Samsa) се таков пример, влевајќи чувство на трагичност па дури и мистицизам, одбирајќи сепак да не ја анимира сторијата во нејзината целост. Театарската адаптација на Стивен Беркоф (Stephen Berkoff), трансформацијата на Грегор ја претставува како гротескни изобличувања на човечкото тело. Крамбовиот инсект е навистина грозен, но истовремено на некој начин е и симпатичен. Неговиот оклоп е светол, црн и дебел (дали поради тоа се чини сладок и невин?), но отсликува значителна доза на емоции со големите капки пот, извичниците, наведнатата глава, ѕвездите што се вртат и "вртоглавите" линии. Вообичаени средства за кој и да е стрип-автор, но средства кои на Грегор Самса му даваат цел сет на реакции кои текстот не може да ги долови. Последната страна ја покажува сестрата на Грегор (стандардна дебела Крамбовска жена) како се качува во воз, додека на лицето на нејзиниот татко е прикажан некаков изгубен израз, давајќи му на одрекувањето дефинитивно чувство на сатира, а на читателот изразено чувство на невкус. Се чини дека тука Крамб наметнува свој личен сензибилитет врз книгата.

Маировиц се чини на Крамб му дал одврзани раце во таа смисла. Во уводниот дел, Кафка всушност личи на самиот Крамб, додека Хемфри Богарт камелеонски се претвора во офицер. Се разбира, ваквите цитати не го лишуваат делото од големина. Понекогаш и исчекорувањата на Кафкините адаптори воделе кон инспиративни делови. Повеќето од нас ќе се сетат на проекцијата на слајдови од страна на еден рабин-свештеник во филмската верзија на Велс. Иако не се наоѓа во книгата овој дел е прекрасно дисхармоничен. Маировиц и Крамб се решаваат за едноставна адаптација, придржувајќи се цврсто кон текстот на Кафка, прикажувајќи ги единствено вратата, човекот и чуварот во приказната на свештеникот. Ова е сосема поинаку отколку во рецентниот филм во кој играат Ентони Хопкинс и Кајл Меклалан; овде не се ни прикажува оваа сцена, наместо тоа постои потпирањето врз харизмата на актерите во водењето на нарацијата. Финалната егзекуција на К. е подобра кај Крамб/Маировиц. Табли полни со темнина нé водат сцена по сцена до местото на егзекуцијата, преку мислите на К., зaбодувањето на ножот во неговото срце, и последните зборови: "...како пес". Сета оваа морбидност е доловена во зборовите на Маировиц, "кога Кафка ги читал деловите од *Процес* на неговите пријатели, неконтролирано се смеел, велат тие". Не како во Велсовиот приод кон делото на Кафка, кај Крамб/Маировиц сигурно има повеќе цинизам. Со "*Замокот*", Маировиц ги води читателите во царството на сексуалните наговестувања и провокации со неколку портретирања на интимата од страна на Крамб, и забавни редови како: "Во Кафкините дела и не постои секс но психолошката игра е бескрајна".



Жените во Кафкиниот живот и дело се појавуваат во една таписерија која постојано се открива, почнувајќи со Олга, Фрида и господарката на замокот, следени од Лени од *Процес*; средбите на Кафка со девојката од дуќанот, односите со неговата сестра Отла и конечно со Дора Дајмент (Dora Diamant), и коишто Крамб ги замислува како еден луд танц со една жена без лице и костурни фигури на некој темен Сабат, во соба директно излезена од кабинетот на доктор Калигари.




При крајот на книгата ја наоѓаме најубавата адаптација на Крамб и Маировиц, брилијантната "*Уметник во гладување*". Тука постои чувство на спектакл и повремено како некаква митска гравитација кон некој Холбајнов дрворез. Подарено ни е чувството дека сме на некоја откачена изложба, додека децата непрекинато ѕерат во кафезот на Уметникот во гладување. Дадено е исто така и гласното одобрување на толпата, додека ја гледаат замената на Уметникот во гладување со еден млад пантер, "неговото благородно тело спремно да експлодира". Овие цртежи многу убаво се комплементираат со овој голем расказ на Кафка.

Дури во поговорот, Маировиц нѐ импресионира со неговиот дух, поттикнат од "кичестиот" и грандомански вкус на Америка и театарот "Природа" (Nature) од Оклахома, каде "танчерки" облечени како ангелчиња свират труби пред огромни гозбени трпези". Потсмевањето присутно овде веројатно е многу поуспешно од претераната стрип-адаптација на *Судот* кадешто таткото на Џорџ Бендемен ги отфрла во бес неговите јоргани и покривки и триумфално ги подига своите пиџами за да го исмејува својот син.

Високиот хумор го наоѓаме во финалето на Маировиц - кое се случува во нова Прага каде сите добри вести одат под име "Кафка". Во случај да ја немаме новата брошура (водич) Маировиц и Крамб нѐ информираат дека може да се набават Кафка-маици, да се јаде во Кафкатерија, да се јадат Мек-Кафка хамбургери и да се добие нов изглед во салонот за убавина Метаморфоза. Тоа е Америка во друго издание, сѐ за љубов на магичниот долар.

*Кафка за почетници* е дел од една серија книги коишто умешно и забавно ги обработуваат полу-божествата како Дарвин, Ајнштајн и Фројд и темите како феминизмот. Делото за кое овде зборуваме секако е исто толку добро илустрирано како и останатите коишто ги читав и Крамбовиот стил ми изгледа особено пригоден за доловување на карактерите (како што може да се види на корицата на Британското издание). Мајкл Мек-Гинисовата (Michael Mc Guinnes) *Јунг за почетници*, на пример, за споредба? Споредбата можеби не е фер бидејќи Мек Гинис има опфатено повеќе материјал, користејќи графики и колажи да го збогати текстот додека изнесува проверени податоци за животот на Јунг и неговите врски; можеби би требало да се здобиеме со некоја предност од правењето шега со Кафкиниот делумно трагикомичен живот, но некој друг не би се сложил со тоа.

Од друга страна пак, цртежите на Крамб навистина даваат поголемо чувство за време и место. Тој црта и врз фотографии прецртувајќи и менувајќи ги кон своите потреби и кон потребите на текстот. Големината и лејаутот на страните и комплетниот дизајн не треба така лесно да се отпише и треба само да се ѕирне во оваа книга па да се наиде на бројни, единствени и неограничени цртежи. Според мое лично мислење, ова е една од најубавите книги на Крамб, а тоа е збор којшто не може да се употреби и за неговите стрипови - можеби хумористични, провокативни, можеби, но прекрасни?

Ако овој преглед изгледа како негативна критика, ќе додадам со жар дека уживав читајќи ја оваа мала книга. Ќе ви биде тешко да најдете подобро илустриран текст за Кафка и само во ретки случаи ќе го сретнеме Крамб да придава толку внимание врз секоја илустрација. И допуштете ми да додадам уште нешто: оваа книга заслужува да биде номинирана за награда. Не толку за цртежите (тие не се промениле со текот на времето), туку за одличниот текст: точен и професионален, кој демонстрира восхитувачки опсег и менувајќи се со секое ново писмо на Кафка или неговите колеги. Повремено драматски акцентиран, сепак целосно во хармонија со визуелниот дел, и повремено додавајќи му значителна убавина. Ако сте некој којшто прочитал тони книги за Кафка, оваа книга ќе ви причини еден или два часа разонода. Но, ако воопшто ништо немате прочитано за Кафка (во што се сомневам), оваа книга можеби ќе биде за нијанса поскапа, но поседува потенцијал да ве охрабри во понатамошното читање. И што ми останува уште да кажам: купете ја книгава. Не само затоа што е од Крамб, туку затоа што е добра.

Извор: The Comics Journal, n. 171

Превод: Smile



# КРАМБ - ПОРТРЕТИ




©1972 by R. CRUMB




—R. CRUMB '72

**КАТОЛИЧКО УЧИЛИШТЕ ЗА ДЕВОЈКИ**

ВЕРОНИКА Е ВО ДЕПРЕСИЈА, ЕРНЕСТИНА ГАРСИЈА И КЕРОЛ СКРОЗИНСКИ... СЕ СЛАТКИ, НО СЕ ЧИНИ НЕ ЗА ДОЛГО!!!

**ВО СЛЕДНИОТ ЛИФТ:**

# ЦЕЛАТА ВЕТЕНА ЕПИЗОДА ЗА СМРТТА НА МАЧОРОТ ФРИЦ!



frits the Cat by R. Crumb

# ПЕшОВ

*Лирика, апстрактност, графизам. Бајковитост и надреалност. Иако е тешко со зборови - токму она од што Пешов бега ко господин Дракула од кромид (смрдливи но хомеопатични - зборовите), да се приближат овие шест табли пред вас, почитувани чамџии затекнати среде овој лифтовски Стикс, вреди сепак човек (чамџија, призрак, беден толкувач меѓу два еднакво магливи брега - слики и зборови) да се обиде: Бобан Пешов е откровение, во смисла дека не робува на никакви шеми, без оглед дали доаѓале од мртовечки претенциозните зони на тнр. академска уметност или пак од трафикантската страна на бескрајно здодевните стереотипи кои главно недоволно образуваните ги нарекуваат стрип-уметност. Кај Пешов се гледа и Виндзор Меккеј и Леже. И Малевич и детски сликовници. И Пикасо и Супермен. Овие шест табли се добри токму затоа што се слободни во однос на медиските шаблони - се гледа една фина лежерна игра на фантазијата, а од друга страна, фино се изнијансирани сите тие монструозно нараснати културни влијанија кои, сакале или не, мораат да се земат предвид при проценката на тежината на било кое креативно дело. Со други зборови: во однос на она што го форсира "Клик", на пример, како домашен стрип (и не само "Клик") - Пешов е цар, а богами е прилично релевантен и во однос на оние годишни графички ретроспективи во универзитетската библиотека.*
*Со надеж дека Пешов допрва ќе седне да експериментира во насоки само делумно назначени во овие шест табли и задоволни што тој го одбра токму Лифт како промотивен терен, ве повикуваме, мили пост-уметници на крајот од веков, да фурате слобода и низ специјални mail-art цевчиња да ја доставувате во големиот Лифт-резервоар што допрва треба да го полниме и загреваме.*

*Пандалф Вулкански*



# N.M

E A P

B. PEŠOV




B.PEŠOV


B.PEŠOV


B.PEŠOV


MAΛEVICH
B.PEŠOV
MAΛEVICH


B. PEŠOV




## ЧЕСТЕР БРАУН

# ЕД СРЕЌНИОТ КЛОВН

II ПРОДОЛЖЕНИЕ




ЏИМ ПРАШУВА "ШТО СЕ СЛУЧУВА СО КЕСА ПОЛНА СО ЛАСТИК АКО ЈА ОСТАВИМЕ ВО ФРИЖИДЕР СЕДУМНАЕСЕТ НЕДЕЛИ?"
УАУ! ПРЕКРАСНО ПРАШАЊЕ! СЕ ПРАШУВАМ ШТО ЌЕ СЕ СЛУЧИ.
ДА ЗЕМЕМЕ КЕСА СО ЛАСТИК И - -
-- И --
-- И --
-- УФ --
ЕЈ, ДАЛИ ЗАБЕЛЕЖАВТЕ ДЕКА ВЕЧЕРВА Е ПОЛНА МЕСЕЧИНА?
ЗНАЕТЕ ШТО ЗНАЧИ ТОА --
-- ВРКОЛАЦИ!!


УФ... ДОБРО.
...УФ...
ЌЕ... УФ... МИСЛАМ ДЕКА... УФ... ОВОЈ ЕКСПЕРИМЕНТ ЌЕ ГО ОДЛОЖИМЕ ЗА МАЛКУ.
ЈАС... УФ... ЌЕ ОДАМ ДОМА СЕГА.
ПО ЃАВОЛИТЕ!
ПОРАНО ИЛИ ПОДОЦНА ЌЕ МИ СНЕМА МЕСТО ОВДЕ. ШТО ЌЕ ПРАВАМ?
НОЌ Е -- НЕМА МНОГУ ЛУЃЕ ПО УЛИЦИТЕ... МОЖЕБИ ЌЕ УСПЕАМ ДА НАПРАВАМ ПАУЗА И ДА ОТИДАМ ДО НЕКОЈ ОСАМЕН РОВ ИЛИ СЛИЧНО.
КОЈ Е ТОА ШТО ОДИ ЗАД МЕНЕ?
УУУХ... САМО ЕДНА СТАРА ЖЕНА.


УФ - ОХ! ЕВЕ ДОАЃА НЕКОЈ ДРУГ!
FUN
ДОБРО Е! И ТОЈ НЕ Е ВРКОЛАК.
ЧЕКАЈ МАЛКУ!! ТАА ОСТРА... ЖИВОТИНСКА СМРДЕА!
И... НЕШТО РАСТЕ ВО ЗАДНИОТ ДЕЛ ОД НЕГОВИТЕ ПАНТОЛАНИ!!
ОПАШ!!
K-KRK
МОРА ДА НАПРАВАМ НЕШТО ПРЕД КОМПЛЕТНО ДА СЕ ПРЕТВОРИ ВО ВРКОЛАК И ДА МЕ РАСТРГНЕ НА ПАРЧИЊА!!


СРТ
ОФ!
УХ!
ГРР!
УРХ!
УФ!
POLICE
АЈ!
НЕ СМЕЕТЕ ДА МЕ СТАВИТЕ ВО ЗАТВОР! ЈАС СУМ ЗНАЧАЕН **НАУЧНИК**!
ВИ СТАВАМ ДО ЗНАЕЊЕ ДЕКА СУМ ВО СРЕДИНАТА НА ЕДЕН МНОГУ ЗНАЧАЕН ЕКСПЕРИМЕНТ СО **ЛАСТИК**!!
АКО МЕ ПОВРЕДИТЕ ЌЕ ВЕ ТУЖАМ!!


ОО,
ЌУТИ
МОРЕ!
АААРГХ...
НЕ! НЕ МОЖЕ ДА ГО СТАВИТЕ НЕГО ОВДЕ!
МОЖЕБИ НЕ ТРЕБА..
ВЛЕГУВАЈ ВНАТРЕ!
CLANK
ВИДИ -- ВИДИ -- ТОА Е САМО ЛОГИКА -- -- АКО НЕ ПРЕСТАНЕШ ДА ГИ ПРАЗНИШ ЦРЕВАТА ЌЕ НЕМАМЕ ПРОСТОР ВО ЌЕЛИЈАВА!!
ЗАТОА ПРЕСТАНИ!


ПРЕСТАНИ!
ПРЕААААУРГХ!


НЕЕЕЕЕЕ!
МРТОВ Е!
ЈАС - ЈАС ГО УБИВ!!
НО - НО...
ТОЈ НЕ ПРЕСТАНУВА!!


ТОА -- ТОА ИСТЕКУВА ОД НЕГО ПОБРЗО ОД КОГА И ДА БИЛО!!
ОХ ГОСПОДИ!!
ТОА МЕ ГМЕЧИ!!!
ПОМОШ! НЕКОЈ -- АААУГХ -- ПОМОШ!!
ААААГХ--
ИСУСЕ БОЖЕ!! ТОА Е БЕКСТВО ОД ЗАТВОРОТ!!
ЈЕБИГА! ШТО НАПРАВИЛЕ!? ГИ ЗАТНАЛЕ СИТЕ ТОАЛЕТИ!?
BRTRTRTRTT


НЕ ПУК--
УГХ!
ААА!!
НЕЕЕЕ
ГЛХ
СЛЕДНИОТ ДЕН
BRRMMM


BEEEP
BEEEEP!
CWDB 85


ГЛАВА
2


ЕВЕ СЛИКА ОД ЛИЧНОСТА ШТО ВИ ЈА ЗЕМА РАКАТА, ГОСПОДИНЕ ДАДЛИ.
ГО ПРЕПОЗНАВАТЕ?
УФ... НЕ.
СИГУРЕН СТЕ? ТОЈ БЕШЕ ОБЛЕЧЕН КАКО КЛОВН КОГА ГО ФАТИВМЕ.
ТРИНАЕСЕТТИ ВЕК.
...ЏАСТИН?
ДЕЦАТА НЕ СЕ ДОМА ЦЕЛ ДЕН...
ВИДИ ДУШО, ТОА ШТО НАЈПОСЛЕ НАЈДОВМЕ ВРЕМЕ КОГА ДЕЦАТА НЕ СЕ ТУКА НЕ Е ПОВИК ДО НАС ДА СЕ ВОЗБУДУВАМЕ И ДА ПОЧНЕМЕ ДА СЕ ОДНЕСУВАМЕ КАКО ЖИВОТНИ. ВЕЌЕ ИЗВЕСНО ВРЕМЕ РАЗМИСЛУВАМ ДЕКА ТРЕБА ДА ГО ПОСЛУШАМЕ СОВЕТОТ НА БЛАГОСЛОВЕНИОТ БОГ И ДА ГИ ИЗБЕГНУВАМЕ СИТЕ ТЕЛЕСНИ АКТИВНОСТИ.
ОНИЕ ДРВА НАДВОР, ТРЕБА ДА СЕ ИСЕЧАТ


CHOP


...MMMM...
SLAM
ГИ ИСЕЧЕ ДРВАТА?


А? ГИ ИСЕЧЕ ДРВАТА?
РЕКОВ, ДРВАТА --
--EJ--
CHUNK
AAAAAAAAAA
ДВАЕСЕТТИ ВЕК
EJ, МАМО -- ПРОЧИТАЈ САМО УШТЕ ЕДНА!
ТЕ МОЛАМ?
ПА... ДОБРО. ОВАА Е ЗА СВЕТИ ЏАСТИН КОЈ ЖИВЕЕЛ ОД 1223 ДО 1289.
EJ! EJ, МАМО! ГЛЕДАЈ МЕ! ГЛЕДАЈ!


"ЏАСТИН БИЛ РОДЕН ВО СИРОМАШИЈА И РАНО ВО ЖИВОТОТ СТАНАЛ КРАДЕЦ. КОГА ИМАЛ 35 ГОД. ДЕВИЦА МАРИЈА МУ СЕ ПОЈАВИЛА ВО ВИЗИЈА"--
ЕЈ, МАМО! ГЛЕДАЈ!
ГЛЕДАЈ!
--"И ГО ПРОКОЛНУВА ДА ЗАПОЧНЕ ЖИВОТ ПОБОЖЕН И ЧЕСЕН."
ЖИВОТОТ НА СВЕТЦИТЕ
ЖИВОТОТ НА СВЕТЦИТЕ
АНИ! ТИВКО!
ГЛЕДАЈ МАМО!
"ЏАСТИН, ПЛАШЕЈЌИ СЕ ДЕКА ЌЕ ДОЈДЕ ВО ИСКУШЕНИЕ ДА ПРОДОЛЖИ СО СВОИТЕ КРИМИНАЛНИ АКТИВНОСТИ, ЈА ИСЕКОЛ СВОЈАТА ДЕСНА РАКА И ОТТОГАШ ГО ПОСВЕТИЛ ЖИВОТОТ НА"--
ЈА ИСЕКОЛ СОПСТВЕНАТА РАКА?
ПСТ
МАМО! МАМО!
ЧИТ, ЗАР НЕ СЕ СЕЌАВАШ КАКО ИСУС РЕКОЛ "АКО РАКАТА ТЕ НАВРЕДИ ТИ ИСЕЧИ ЈА -- ПОДОБРО Е ДА ВЛЕЗЕШ ВО ЖИВОТОТ САКАТ ОТКОЛКУ СО ДВЕ РАЦЕ ДА ОТИДЕШ ВО ПЕКОЛОТ."
И -- И -- ЈАС ЗНАМ МАМО! "БЕЗ ПРОЛЕВАЊЕ КРВ НЕМА ПРОСТУВАЊЕ."
ЕНИ! ВНИМАВАЈ НА ЧАСОПИСОТ!
ААЈ!
ЕНИ!


BUMP
КАДЕ БЕВ? ...ХМ -- "ЏАСТИН СЕ НАДЕВАШЕ ДЕКА ПРЕКУ ОВОЈ ПРИМЕР ЌЕ ГИ ПРИВЛЕЧЕ ЛУЃЕТО КОН ХРИСТОС И ЈА РАСКАЖУВАШЕ ПРИКАЗНАТА ЗА СВОЕТО СПАСУВАЊЕ НА СЕКОЈ ШТО САКАШЕ ДА СЛУША."
БУААААА!
ТИ РЕКОВ! ДОБРО СИ?
ОКОЛУ ТРИЕСЕТИНА ГОДИНИ ПОДОЦНА.




ООХ--
--ССВЕТИ-
--ЏАСТИН!
УХ!
МММ...
ДАЛИ СПИЕВ ДОЛГО ВРЕМЕ?


НЕ -- РЕЧИСИ НЕ ЗАБЕЛЕЖАВ ДЕКА СИ ЗАСПАЛ. ЛОШ СОН?
СЕ МОЛЕВ ПРЕД СТАТУА НА ДЕВИЦА МАРИЈА И ТАА СЕ ПРЕТВОРИ ВО ТЕБЕ И ЗАПОЧНАВМЕ ДА ВОДИМЕ ЉУБОВ И ТОГАШ ТИ МИ ЈА СКИНА РАКАТА.
МОЖЕБИ СОНОТ СОДРЖИ НЕКАКОВ КЛУЧ ЗА ТОА ЗОШТО ТВОЈАТА РАКА НАВИСТИНА ОТПАДНА СНОШТИ. ДАЛИ ТОА БЕШЕ ЦЕЛИОТ СОН? ДА НЕ СИ ЗАБОРАВИЛ НЕШТО?
НЕ, ТОА БЕШЕ СÉ -- НО ВО СОНОТ ТИ МИ ЈА СКИНА РАКАТА А ТИ НЕ БЕШЕ НИ ВО БЛИЗИНА НА БОЛНИЦАТА СНОШТИ КОГА ТАА МИ ОТПАДНА.
ПРЕД СТАТУАТА ДА СЕ ПРЕТВОРИ ВО МЕНЕ, НА КОГО ЛИЧЕШЕ? НА ЖЕНА ТИ?
НЕ ЗНАМ-- НА НЕКОЈ НАЧИН...
МОЖЕБИ СОНОТ ТИ КАЖУВАЛ ДЕКА ЖЕНА ТИ ГО НАЈМИЛА ТИПОТ ОД СЛИКАТА ДА ТИ ЈА ИСЕЧЕ РАКАТА.
МОЖЕБИ САКАЛА ДА ТИ СЕ ОДМАЗДИ ЗАТОА ШТО СИ ЈА НАПУШТИЛ.
НЕ ЗВУЧИ КАКО НЕШТО КОЕ ТАА БИ ГО НАПР--
МОРАМ ДА ОДАМ ПРЕД ДА ЗАДОЦНАМ
ДЕНЕС ЌЕ ОДИШ ВО БОЛНИЦАТА ЗА ДА ТИ ЈА ПРОВЕРАТ РАКАТА ПА ЗОШТО НЕ ПРОВЕРИШ ДАЛИ НЕКОЈ СНОШТИ ЈА ВИДЕЛ ЖЕНА ТИ ВО БЛИЗИНА?
БОЛНИЦА МОРИС ЕУГЕН


АААААААА!
УФ, ДОКТОРЕ?
ПОЧЕКАЈ ЕДЕН МОМЕНТ НЕД!
...НЕ... ...НЕ... ...ВЕ МОЛАМ
ДА ЧИТ, ШТО Е?
ПА ДОКТОРЕ СЕ РАБОТИ ЗА МОЈАТА РАКА.
ШТО -- ЗАР ПАК ПАДНА?
НЕ ДОКТОРЕ, БАШ ФИНО ЈА ЗАШИ, НО ПРСТИТЕ НИТУ СЕ МРДААТ НИТУ НИШТО-- САМО СЕ НИША ЛЕВО ДЕСНО.
ПА СЕГА, ЧИТ --
ЗАР НЕ ТРЕБА ТОА НЕШТО ДА БИДЕ ВО ЛОНГЕТА?


ПА СЕГА ЧИТ, НЕ МОЖЕШ ДА ОЧЕКУВАШ КОНТРОЛАТА ВРЗ МУСКУЛИТЕ ЦЕЛОСНО ДА ТИ СЕ ПОВРАТИ САМО ЗА ДВА ДЕНА.
САМО ПРОДОЛЖИ ДА ГИ ПИЕШ АПЧИЊАТА ШТО ТИ ГИ ПРЕПИШАВ ПРОТИВ БОЛКИ И НЕ СЕ СЕКИРАЈ.
...НЕ НЕ...
ААГХ!
МОЖЕБИ ТРЕБА ГО ЗАТНЕМЕ НЕД.
ЕЈ! ЕВЕ ГО ДЕТЕТО!
ШО ПРАЕЕШЕ ЧИТ? НЕ СУМ ТЕ ВИЃАЛ УШЧЕ ОД ПОНЕДЕЛНИКО. ВЕЛАТ ДЕКА СИ БИЛ НА БОЛОВАЊЕ.
ПА.. ДОЈДОВ ВО ВТОРНИКОТ НАВЕЧЕР НА СМЕНА ВО ДЕВЕТ И МИ ОТПАДНА РАКАТА.
ЧИСТО ОНАКА?
НЕ ЗНАМ КАКО СЕ СЛУЧИ ТОА. БЕШЕ ВО РЕД КОГА ДОЈДОВ ВО БОЛНИЦАТА, И ПРЕД ДА ПОЧНАМ ДА РАБОТАМ ПОГЛЕДНАВ НАДОЛУ И НЕА ЈА НЕМАШЕ.
**НИШТО** НЕ ОСЕТИ?
НЕ, СЀ ДОДЕКА НЕ ПРИМЕТИВ ДЕКА ЈА НЕМА. ОТИДОВ ВО ПОЛИЦИЈА И ТИЕ ЈА НАЈДОА И Д-Р КУПЕР МИ ЈА ЗАШИ.


ПА, КАЈ ЈА НАЈДЕ? ОВДЕ?
ЧЕКАЈ МАЛКУ--
ВЧЕРА -- ВО СРЕДА -- ПОЛИЦАЈЦИТЕ МЕ ВИКНАА ВО СТАНИЦАТА, МИ ЈА ПОКАЖАА СЛИКАВА И МИ РЕКОА ДЕКА ТОЈ Е ЧОВЕКОТ ШТО МИ ЈА СКИНАЛ РАКАТА.
ГО ЗНАЕШ?
ТОА И ПОЛИЦАЈЦИТЕ МЕ ПРАШУВАА, НО ЈАС НЕ СУМ ГО ВИДЕЛ НИКОГАШ ПОРАНО. ТИЕ РЕКОА ДЕКА ГО ЗАТВОРИЛЕ И ДА НЕ СЕ СЕКИРАМ АМА НА САКААТ ДА МИ КАЖАТ НИ КОЈ Е НИ НИШТО. НЕ САКАА НИ ДА МИ ЈА ДАДАТ СЛИКАТА, АМА ЈАС ЈА УКРАДОВ ДОДЕКА НЕ ГЛЕДАА КОН МЕНЕ.
ЗДРАВО ЧИТ -- КАКО ЖЕНА, ДЕЦА?
ЈАХ -- ШТО МИСЛИ ЖЕНА ТИ ЗА ОВАА РАБОТА ОКОЛУ РАКАТА? ПРЕТПОСТАВУЕМ ДЕКА НИ ОНА НЕ ГО ПОЗНАВА ЧОЕКОТ НА СЛИКАТА, А?
УХ, ЈАХ -- НЕ -- УХ, СЀ Е ВО РЕД ДОМА.


УХ -- ЌЕ СЕ ВИДИМЕ ДЕЧКИ.
SMITH'S
CRUNCH
O


AT CRUNC
SMITH
OPEN
MON-SAT
11 AM-9PM
MON-S
11 AM-9
BOOKS


HOM
MAI!
УФ!
THUMP
CLUMP
ШТО СЕ СЛУЧИ?


УХМ -- ЈАС --, ВЛЕГОВ ОД ВРАТАТА И-- УФ -- СЕ СОПНАВ ОД ОВОЈ ДЕЧКО.
ДАЛИ СТЕ ДОБР-- ШТО-- ПА ТОА Е ЕД! ШТО СЕ СЛУЧИЛО?
НЕ ЗНАМ. ПРЕТПОСТАВУВАМ ДЕКА СЕ ОНЕСВЕСТИЛ. УФ... ГО ЗНАЕТЕ?
БЉАК! ПОКРИЕН Е СО ГОМНА!
ДАЛИ ЌЕ САКАТЕ ДА МИ ПОМОГНЕТЕ ДА ГО ТРГНАМ ОД ВРАТАТА?
УФ, СЕ РАЗБИРА.
УАУ -- НАВИСТИНА Е ХАОС. А ГО ВИДОВ -- КОГА БЕШЕ?... ВО ВТОРНИКОТ...
ЕХ, САМО ПРЕД ДВЕ НОЌИ БЕШЕ ДОБАР, СО ИСКЛУЧОК НА ТОА ДЕКА МОЈОТ ДЕЧКО ГО ТЕПАШЕ.
ВТОРНИК НАВЕЧЕР?
ЕХ, МОЈОТ ДЕЧКО ДОЈДЕ ПРЕД ДА ЗАТВОРАМ, ЗА ДА МЕ СОБЕРЕ И ЕД БЕШЕ ОВДЕ, А МОЈОТ ДЕЧКО МИСЛИ ДЕКА ТОЈ МНОГУ СЕ ВРТКА ОВДЕ И ГО ТЕПАШЕ.
ПРЕД ЗАТВОРАЊЕ?
AM - 9 PM
ТОГАШ... ТОЈ НЕ МОЖЕЛ ДА БИДЕ КАЈ БОЛНИЦАТА КОГА МОЈАТА РАКА ОТПАДНА.


ЌЕ ГО ОДНЕСЕМЕ ВО ЗАДНИОТ ДВОР. НЕ САКАМ ДА МИ ЈА ЗАСМРДИ ЦЕЛА ПРОДАВНИЦА.
ЖИВОТОТ НА СВЕТЦИТЕ
TEMPLUM
CLUMP
!?
УХ... ВО РЕД Е ... МОЖАМ ДА ГО ОДВЛЕЧКАМ ПОНАТАМУ...
SAINT JUSTIN (1223-89) Justin was born into poverty early in life became a thief of 35 however the Virgin him in a vision and en to lead a life of piety fearing that he wou resume his criminal his own right hand a evoted his life to the spi fare of the girls in his fath ill at Acquafredda and his Capriano tin hoped s example


АЛО?
ЧИТ? ШТО ПРАВ--
НЕ, МОМЕНТАЛНО НЕ Е ДОМА.
ЈУРА ПАРК ВЕЧЕРВА? НО МИСЛЕВ ДЕКА НЕ САКАШ ДА ТЕ ГЛЕДААТ ВО ЈАВНОСТ СО МЕНЕ.
КОЛКУ ВАЖНО? ЌЕ БИДЕ ТЕШКО ДА И КИДНАМ НА МАМА.
НЕ... НЕМОЈ... САКАМ ДА ТИ ОБЈАСНАМ
ПСТ... НЕ САКАМ... ...МММ... ДА СЛУШАМ... ...КАКО ГОСПОД НАПРАВИЛ ДА ТИ ОТПАДНЕ РАКАТА ...
НО ТОЈ НАВИСТИНА...
ПССТ
... МОРАВ ДА БИДАМ ФРЛЕН ВО ПРЕПОЗНАТЛИВА ГРЕШНА ФАЗА ... ХХХ... НА МОЈОТ ЖИВОТ...
ТОА Е ГРЕВ... НО ТИ НЕ САКАШ ДА ПРЕСТАНЕШ...
И ТАА САКАШЕ ДА ЈА ЗАПОМНАМ ЛЕКЦИЈАТА ЗА СВЕТИ ЏАСТИН ...
ДЕКА ТРЕБА ДА ГО ИСЕЧЕШ ОД СЕБЕ ОНА ШТО ТЕ ТЕРА ДА ПРАВИШ ГРЕВ.


УКГ!
THUNK
THUNK
THUNK
THUNK
ТИ БЛАГОДАРАМ ГОСПОДЕ.
ТИ БЛАГОДАРАМ
CWDB 87

# ЛИНДА БАРИ ШЊУРАЊЕ




БАБА МИ ВЕЛЕШЕ ДЕКА ТАТКО МИ МУ ГО ДОЛЖИ ЖИВОТОТ НА ТОЈ ЧОВЕК. Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР МУ ПОМОГНАЛ МНОГУ, Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР МУ НАШОЛ РАБОТА...
ГЛЕДАВ КАКО Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР ГО ПРЕГРНУВА ТАТКО МИ, А ТОЈ СÈ ПОВЕЌЕ ПИЕШЕ ПЕПСИ, УШТЕ ПЕПСИ, УШТЕ ПЕПСИ.
ТОГАШ МОЈОТ ТАТКО СТАНА И ОД ЏЕБОТ ГИ ИЗВАДИ КЛУЧЕВИТЕ ОД КОЛА. 'КАДЕ ЌЕ ОДИШ' - ПРАША БАБА МИ. 'ПО ЦИГАРИ', РЕЧЕ ТАТКО МИ.
'ЕЈ, МОЖАМ И ЈАС ДА ДОЈДАМ СО ТЕБЕ?' - РЕЧЕ Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР. 'ПРОШЕТАЈ МЕ И МЕНЕ', РЕЧЕ И ЈА ПОГЛЕДНА БАБА МИ.
'НЕЕ' - РЕЧЕ ТАТКО МИ 'СЕ ВРАЌАМ ВЕДНАШ'. БАБА МИ СТАНА И РЕЧЕ: 'ЗЕМИ ГИ ДЕЦАТА СО СЕБЕ, РЕЈ'.
НО ТОЈ ВЕЌЕ БЕШЕ ДОЛЕ. ДОЛЕ НА ТЕМНИОТ ПАТ.


ДВА ЧАСА ПОДОЦНА ТАТКО МИ СЀ УШТЕ НЕ БЕШЕ ВРАТЕН, ТЕТКА МИ ВИЛДА ПОЧНА ДА ТРЕСКА СО САДОВИТЕ НИЗ КУЈНАТА.
КАДЕ ОТИДЕ ПО ЦИГАРИ?
МИСЛИ ДЕКА СМЕ ЧУКНАТИ!?
ЗНАМ ЈАС МНОГУ ДОБРО КАДЕ.
'НЕ МИСЛИ НА НИКОЈ ДРУГ ОСВЕН ЗА СЕБЕ' - РЕЧЕ ТАА. 'НИТУ МИСЛЕЛ НИТУ ЌЕ МИСЛИ'. СИ ГИ ЗЕМА САДОВИТЕ И ПОЧНА ДА ИМ ВИКА НА ДЕЦАТА ДА СИ ГИ ЗЕМАТ ПАЛТЕНЦАТА.
ТИ МОЛЧИ! ТИ НЕ ЗНАЕШ.
ОХ, НЕЛИ?
АЈДЕ МАМО! ИСУСЕ БОЖЕ.
СИТЕ СИ ЗАМИНУВАА. НАБРГУ ОСТАНАА САМО БАБА И Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР ВО КУЈНАТА.
ВЕРУВАЈ, НОЛА ЗНАМ КАКО СЕ ЧУВСТВУВАШ.
ИМА УШТЕ МАЛКУ ОД КОЛАЧОТ?
СЕДНАВМЕ СО СЕСТРА МИ НА ВЕРАНДАТА. МИ РЕЧЕ ДЕКА НЕ Ѝ Е ДОБРО. СИ ПОМИСЛИВ ДЕКА СЕ ПРЕПРАВА ЗА ДА ГО ПРИВЛЕЧЕ ВНИМАНИЕТО, НО ТАА НАВИСТИНА ПОВРАТИ.
БАБО!
СЕ ЧИНИ ПОВРАЌАЊЕТО ИМАШЕ И ДОБРА СТРАНА, ЗОШТО БАБА МИ СЕ РАСТРЧА ОКОЛУ СЕСТРА МИ И ПРЕСТАНА ДА МИСЛИ НА ТАТКО МИ.
ДОБРО, ДОБРО. ВО РЕД Е МИЛО. АЈДЕ ВНАТРЕ.
ДОБРА СИ?
ЛОШАТА СТРАНА БЕШЕ ШТО МЕ 'ЗАГЛАВИ' Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР КОЈ ПОЧНА ДА МИ ЈА ОБЈАСНУВА НЕГОВАТА ЖИВОТНА ФИЛОЗОФИЈА.
НАСМЕВКАТА ТРЕБА ДА БИДЕ ЗАШТИТЕН ЗНАК.
ТАА КАЖУВА СЀ, НЕЛИ?


ПОЧНА ДА ЗБОРУВА ЗА ТОА КОЛКУ ДОБАР ТАТКО Е, А ЈАС СИ ПОМИСЛИВ: АКО СИ ТОЛКУ ДОБАР ЗОШТО ЌЕРКА ТИ Е НАЈГОЛЕМА ОРОСПИЈА ВО НАШЕТО ШКОЛО?
СЛУШАМ МНОГУ УБАВИ ЗБОРОВИ НО НИШТО НЕ Е ТОЛКУ УБАВО КАКО 'ТЕ САКАМ ТАТО'
И ТОКМУ ТОГАШ СИНДИ ЛУДЕРМАЕР ИЗЛЕЗЕ ОД НИВНАТА ВЕРАНДА И РЕЧЕ: 'ТАТО, АЈДЕ ТАТО, ДОЦНА Е'. СИНДИ И ЈАС ТОГАШ СЕ МРАЗЕВМЕ МЕЃУСЕБНО.
ТАТО!
"ВЕДНАШ, МИЛО" РЕЧЕ Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР И МЕ ПОГЛЕДНА, А НА ЛИЦЕТО ИМАШЕ БЛАЖЕНА НАСМЕВКА. САМО СИ ПОМИСЛИВ: "ЛЕЛЕ КОЛКУ СИ ГЛУПАВА".
ДОЈДЕ ВРЕМЕТО...
ДА СЕ РАЗДЕЛИМЕ
ДАА. ДОБРА НОЌ.
ЕДИНСТВЕНАТА ПРИЧИНА ЗОШТО СИНДИ ЛУДЕРМАЕР ГО ВИКАШЕ ДОМА БЕШЕ ДА ОДИ ДА СПИЕ, ЗОШТО ВЕЧЕРВА ПЛАНИРАШЕ ДА АКА.
СИТЕ АКАА. МОЈОТ БРАТУЧЕД РАЈЛТОН ЏЕЈМС РЕЧЕ ДА СЕ НАЈДЕМЕ КАЈ ЛИЈАНАТА ВО ДВА ПО ПОЛНОЌ И ДА ДОНЕСАМ ЏАНГЛ ЏУС.
СЕСТРА ТИ СПИЕ, ДА НЕ СИ СЕ ОСМЕЛИЛА ДА ЈА РАЗБУДИШ.
ДОБРО. ЛЕКА НОЌ, БАБО.
НЕМОЈ ДА ЗАБОРАВИШ ДА ГИ ИЗМИЕШ ЗАБИТЕ.
ЏАНГЛ ЏУС Е КОГА ЌЕ ИЗМЕШАШ ШТО ПОВЕЌЕ РАЗЛИЧНИ ПИЈАЛОЦИ ВО ЕДЕН. НЕМАШЕ КАПКА АЛКОХОЛ ВО КУЌАТА НА БАБА МИ, И СЕ МИСЛЕВ ДАЛИ ВООПШТО ДА ИЗЛЕЗАМ.
СО ВИСОКИОВ ПРИТИСОК НЕЗНАМ ДАЛИ ЌЕ ЈА ПРЕЖИВЕАМ НОЌТА.
МОРА ДА ГО НАЈДЕМЕ.
НЕ, ДЕЦАТА СПИЈАТ. ТИЕ ЌЕ БИДАТ ДОБРО.


НЕ МОЖЕВ ДА ЗАСПИЈАМ. ГИ ГЛЕДАВ СТРЕЛКИТЕ НА ЧАСОВНИКОТ КАКО ВРТАТ...11, ПОЛНОЌ, 1:30, 20 ДО 2... СЕ ИЗВЛЕКОВ ТИВКО ОД КРЕВЕТОТ НЕ САКАЈЌИ ДА ЈА РАЗБУДАМ СЕСТРА МИ.
НАДВОР ТРЕВАТА МИ ГИ НАВЛАЖНИ ТЕНИСЕРКИТЕ ДОДЕКА МИНУВАВ НИЗ ДВОРОТ. ТОГАШ АВТОМОБИЛОТ НА Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР ЗАСТАНА ПРЕД КУЌАТА. СЕ СКРИВ ВО ГРМУШКИТЕ.
СЕ ПОКАЖА ДЕКА И СИНДИ ЛУДЕРМАЕР БЕШЕ ВО ГРМУШКИТЕ. 'ДА ГО ЕБЕШ', РЕЧЕ, 'ДА ГО ЕБЕШ.' Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР ЈА ОТВОРИ ВРАТАТА И ЗА МОМЕНТ МИ СЕ ПРИЧИНИ ДЕКА ТАТКО МИ Е СО НЕГО.
ТОА БЕШЕ БАБА МИ. 'ИЗБРКАЈ ГО', РЕЧЕ Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР . 'КАДЕ Е', РЕЧЕ БАБА МИ. 'ТОЈ ИМА ДЕЦА НА КОИ ТРЕБА ДА МИСЛИ. ТРЕБА И НА МЕНЕ ДА МИСЛИ. КАКО МОЖЕШЕ ОВА ДА ГО НАПРАВИ?'
МРАЗАМ ШТО ЗБОРУВАМ ВАКА, НОЛА.
ЗНАМ, ЗНАМ.
ПА?
'АКО КОПИЛЕТО НЕ ЦЕНИ ШТО СИТЕ ЛУЃЕ СИ ГО ДАВААТ ГЗОТ ЗА НЕГО, ИЗБРКАЈ ГО'. Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР ЗАПАЛИ ЦИГАРА. 'НЕ ГО ПУШТАЈ ДА ВЛЕЗЕ НИЗ ВРАТАТА'.
ЌЕ МУ КАЖАМ. СВРШЕНО Е СО ТЕБЕ РЕЈ, УШТЕ ВЕДНАШ.
СЕГА СИ ОСТАВЕН САМ НА СЕБЕ, МОЈ ДОБАР ЧОВЕКУ.
ВЛЕГОА ВО КУЌАТА НА БАБА МИ. СИНДИ ЛУДЕРМАЕР СТАНА. 'ОДМАГЛУВАМ' - РЕЧЕ. 'ДОАЃАШ?'. СКРАТИВМЕ ПРЕКУ УЛИЦИТЕ И ДВОРОВИТЕ, ГО МИНАВМЕ ПЕШАЧКИОТ МОСТ И СТИГНАВМЕ КАЈ ЛИЈАНАТА.


МОЈОТ БРАТУЧЕД РАЈЛТОН ЏЕЈМС СТОЕШЕ САМО ВО ДОЛНА ОБЛЕКА МОКАР ДО КОСКИ ДОПИВАЈЌИ ГО ЏУСОТ.
ПАТИ ХЕРЦОК ВИСЕШЕ НА ЈАЖЕТО ВО ГРАДНИК И ГАЌИ.
ЕЈ МОМЦИ!
ЕЈ, РЕКОВ НЕКОЈ НЕКА МЕ ПОВЛЕЧЕ!
САМО РИПНИ!
ЕПТЕН Е ЛАДНО.
КУКАВИЦА!
ДЕН И РОН ГЛИН БЕА ТАМУ И ДОРИС БЕЛ И МЕРИ ХАРЛИ. СИТЕ БЕА РЕЧИСИ ПОЛУ-ГОЛИ/ МОЈОТ БРАТУЧЕД СЕ ДРЕКНМА 'КОСТУРКИ. РИПНЕТЕ!' ПЕТИ ХЕРЦОК ПАДНА ОД ЛИЈАНАТА ВРЕСКАЈЌИ.
'ЧАО' МИ РЕЧЕ СИНДИ И ОТРЧА КАЈ ДЕН ГЛИК, ФРЛАЈЌИ МУ СЕ ОДЗАДИ. НЕКОЕ РАДИО СВИРЕШЕ. НЕКОЈА ПЕСНА КАКО 'АКО ТАТКО Ѝ БЕШЕ БОГАТ...' И ДЕН ПОЧНА ДА Ѝ ЈА ПЕЕ НА СИНДИ.
ЕЈ, ПРЕГРНИ МЕ МАЛКУ
ТОГАШ ЕДЕН ТИП, ТОМ ДОНАТО, МЕ ПРЕГРНА И МИ ДАДЕ ОД НЕГОВИОТ ЏАНГЛ ЏУС.
СИНДИ ЛУДЕРМАЕР 'КРЕНА ГОЛЕМА ПРАШИНА' ДОДЕКА СЕ СОБЛАКАШЕ И СИТЕ ЗИНАТИ ГЛЕДАА ВО НЕА. СИНДИ ИМАШЕ ПРЕКАР 'ТЕЛО'.
РЕЈЛТОН!
ДАНИ!
ТОМИ!
РОНИ!
ДЕЧКИ! ПРЕСТАНЕТЕ ДА СЕ ЅВЕРИТЕ!
БЕВ ПИЈАНА И СИТЕ БЕА ПИЈАНИ. ТОМ ДОНАТО ПОЧНА ДА МЕ ЛАПА И КОГА СЕ СВРТЕВ НАОКОЛУ - СИТЕ СЕ ЛАПАА.


'АЈДЕ' РЕЧЕ ТОМ. ОТИДОВМЕ ПОДЛАБОКО ВО ШУМАТА. ПИЕВМЕ УШТЕ ЏАНГЛ ЏУС И ЛЕЖЕВМЕ НА ЗЕМЈА. ГРАНКИТЕ МЕ БОЦКАА ВО ГРБОТ.
МИ ЈА ЗЕМА РАКАТА И ЈА СТАВИ ВО НЕГОВИТЕ ГАЌИ. НЕ САКАВ ДА ГО ПРАВАМ ТОА. ТОЈ МЕ МОЛЕШЕ 'ТЕ МОЛАМ, ТЕ МОЛАМ' И НЕКАКО СЕ СОГЛАСИВ. ГО ПРАВЕВ ТОА ОКОЛУ ЕДНА МИНУТА ТОГАШ ТОЈ СЕ ИСПРАВИ И ПОВРАТИ.
ПОЧНАВ ДА БЛУЈАМ И ЈАС. ОДВАЈ ОДЕВ. НЕКАКО ГО НАЈДОВ МОЈОТ БРАТУЧЕД И ПОЧНАВ ДА ПЛАЧАМ БЕЗ ПРИЧИНА. МУ РЕКОВ НА РАЈЛТОН ДЕКА ТОМ МЕ ИСКОРИСТИ.
ТОГАШ, НЕ МОЖАМ ДА СЕ СЕТАМ, НЕКОЈ ПОЧНА ДА МЕ ТЕШИ, А ЈАС ПЛАЧЕВ. СИНДИ ЛУДЕРМАЕР ПЛАЧЕШЕ ИСТО ТАКА ЗОШТО СИ ГО ИЗБЛУ ПАРТНЕРОТ И НЕ МОЖЕШЕ ДА ГО НАЈДЕ.
И НЕ ЗНАМ КАКО, СЕ НАЈДОВ НА ПЕШАЧКИОТ МОСТ ОБИДУВАЈЌИ СЕ ДА СИ ДОЈДАМ ДОМА. ПОЧНА ДА СЕ РАЗДЕНУВА. ГО МОЛЕВ ГОСПОДА САМО ДА СТИГНАМ ДОМА ЖИВА И ЗДРАВА.
НА ПАРКИНГОТ ГО ВИДОВ АВТОМОБИЛОТ НА ТАТКО МИ. СЕ ОБИДОВ ДА СКРШНАМ ПО ДРУГИОТ ПАТ НО, МЕ ВИДЕ. 'ЗДРАВО ТАТО', РЕКОВ И ПОВРАТИВ.


МЕ ОДВЕЗЕ ДО WC-ТО НА БЕНЗИСКАТА ПУМПА И МИ РЕЧЕ ДА СЕ ИЗМИЈАМ. 'АКО БАБА ТИ ТЕ ВИДИ ВАКВА, ЌЕ ЈАДЕ ГОМНА' - РЕЧЕ ТОЈ. КОГА ИЗЛЕГОВ МИ ПОДАДЕ КАФЕ - МОЈАТА ПРВА ШОЉА КАФЕ.
'ДВАЈЦАТА ЖИВЕЕМЕ ВО КУЧЕШКА КУЌА' - РЕЧЕ. И НЕ МЕ ПРАША НИШТО, НИТУ ПАК ЈАС ГО ПРАШАВ. ЕДИНСТВЕНО МЕ ПРАША ДАЛИ ПУШАМ И МИ ПОДАДЕ ЦИГАРА.
СЕДЕВМЕ ВО КОЛАТА. МИ РЕЧЕ ДЕКА РАБОТЕЊЕТО ЗА Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР ГО УБИВАЛО А ЖИВЕЕЊЕТО СО БАБА ГО ДОВЕДУВАЛО ДО ЛУДИЛО. ЗНАЕВ ДЕКА ЌЕ НÈ НАПУШТИ ПАК. ЗНАЕВ.
НЕ БЕШЕ НИ ПРВ НИ ПОСЛЕДЕН ПАТ ШТО НÈ НАПУШТА. МИ РЕЧЕ ДЕКА МУ Е ДРАГО ШТО ГО РАЗБИРАМ. НЕ МОЖЕВ ДА КАЖАМ НИШТО.
СРЕЌЕН СУМ ШТО ИМАМ ДЕТЕ КАКО ТЕБЕ.
НЕ, НАВИСТИНА СУМ СРЕЌЕН.
КОГА МЕ ОСТАВИ ПРЕД ВРАТА МИ КАЖА ТРИ РАБОТИ. ДА КАЖАМ НА БАБА ДА НЕ СЕ ГРИЖИ, НА СЕСТРА МИ ДЕКА ЈА ТОЈ ЈА САКА, А МЕНЕ МИ РЕЧЕ ДА ЗЕМАМ АСПИРИН.
ДА БИДЕШ ДОБРА И ДА НЕ Ѝ ЗАДАВАШ ГРИЖИ НА БАБА ТИ.
КОГА НЕГОВАТА КОЛА СЕ ОДДАЛЕЧИ СЕ СВРТЕВ И ГИ ВИДОВ БАБА И Г-ДИН ЛУДЕРМАЕР КАКО СТОЈАТ НА ПРОЗОРЕЦОТ.

# ПУЛГА ЧЕКАЈЌИ ЈА...




ГИ ЧУВА ПОД МОЈОТ КРЕВЕТ.
Е, ОВА БЕШЕ ТИПИЧНО.
ДОАЃАШ ОВДЕ СЕКОЈА СЕКОЈА ВЕЧЕР НО, НИКОГАШ НЕ ОСТАНУВАШ. НЕ РАЗБИРАМ...
ШТО САКАШ ОД МЕНЕ? МИ ЗБОРУВАШ, МИ ГИ НАПОЛНИ УШИВЕ!
НЕ МИ Е ЈАСНО!
ЌЕ ЗАМОЛЧИШ ЛИ ВЕЌЕ ЕДНАШ! И ВИДИ СИ ГИ ЧЕВЛИТЕ!
ПОСТАВУВАШ ПРЕМНОГУ ПРАШАЊА САМО...
Shhh,
hhh
ШШШШШШШ
ГУШКАЈ


СЕГА МОРАМ ДА ОДАМ.
!
ЌЕ СЕ ВРАТАМ УТРЕВЕЧЕР ПАК.
ОФ ЛЕЛЕ!
ЧЕКАЈ!
ПО ЃАВОЛИТЕ, ШТО ДА ПРАВАМ СО СИТЕ ОВИЕ ЖИВОТНИ!
©89 J. PULGA.


НАЦИ КОМИНТЕРНА
ВО ЕПИЗОДАТА:
КЛОПЧЕТО СЕ ОДМОТУВА...
LABRIS
ТУНЕЛ НА СТРАВОТ И УЖАСОТ
ВТОРО ПРОДОЛЖЕНИЕ
СТАНКОВСКИ
ВУЛКАНСКИ


Значи, ново клопче на секакви одвратности почнува да се одмотува... Овој пат, треба да се стигне до вретеното!
TOTAL-
Во првата говорница, стравувајќи од враќањето во својот апартман, Наци Коминтерна му се јавува на Бахус.
Зошто Бахус по толку време повторно го отвара овој стар случај?!
И зошто пак ме вплеткува мене!?



Лабрис...
Јас да ти кажам: "Постојат три причини за среќа: глупост, себичност и добро здравје!"
Сте го читале Флобер?!
"Омразата кон буржуите е почеток на сите доблести!"
Тоа е двосекла секира, колку што јас знам; од таму доаѓа "лабиринт"...
Додека бавно паѓа квечерината, ладнокрвно возејќи низ реката од возила...
...Наци Коминтерна се надева дека на состанокот со Бахус многуте мистериозни работи кои се случија во последните часови, ќе се разјаснат.


Не така блиску до градот, детективот Коминтерна доаѓа пред добро утврдената вила на господинот Бахус.
О, персона од прв степен на Доверливост! Само повелете, господине, Коминтерна... Таму се одржува вообичаената неделна забава.
Наци го остава својот автомобил...


...И, ЗАБЕЛЕЖУВАЈЌИ ГО, КАКО СЕКОЈ ДОБАР ДЕТЕКТИВ, БАХУСОВИОТ ЛУКСУЗЕН РОЛС-РОЈС...
Добра вечер, господине Коминтерна.
Добра вечер, Џони.
...ВЛЕГУВА ВО ПРЕДВОРЈЕТО
"Скриени, тивки се нашите желби, онакви какви меѓусебно ги изразуваат гордите слуги и лепрозните".
СО ЛИФТ, НАЦИ БРЗО ПРИСТИГНУВА ВО ОГРОМНИОТ САЛОН НА БАХУС.
20


S = K log. W
"Животот е непрекината осцилација помеѓу копнежот и гадењето..."
Аристотел?
Седејќи и одмарајќи се душата станува мистерија...


"Единствено лелекањето е
она конче што го намотуваат
нивните гласови, а клопчето
не расте туку е само друга
верзија на тишината..."


SHIT
HI HI
Токму кога тргнува кон Бахусовите одаи горе, Наци Коминтерна почувствува тапкање по грбот.
Здраво, Наци.
Филаутија? Мило ми е што те гледам!
HAW
Ова е мојот маж, Толос Александер, познат сликар.
YES
Те молам, Толос, донеси ми пијалок.
Така Филаутија и Наци остануваат сами.


Мислам дека
сеуште те сакам...
"Љубовта кон избраниот
човек не е ништо друго
туку одвратност
кон сите!"
Слушај,
Филаутија...
Немам време за тебе. Ми
требаат некои специјални
информации од Бахус.
Чекај, Наци!


Сакам да ја дознаеш вистината! Бев принудена да те оставам! Можам да ти го кажам само ова: тајната е во преобразбата!
Вистина?! "Ја гледаш безличноста на безбројните нозе што ја придигаат вистината како ОБЛАК од прашина!"
Детективот Наци како да чувствува дека проблемите останале исти?! Како да се пречекоруваат нивоите на стварноста, и дали воопшто постои центар??!
NATSY
"По смрзнатите патишта што во безброј смерови ги поврзуваа, лебдееше насетувањето дека повторно би можеле да се истопат".


ЧУВАЈЌИ СЕ ПО СКАЛИТЕ, НА КОМИНТЕРНА
ОЈ Е УШТЕ ЕДНАШ РАЗБУДЕН ОД ТНР. КУЛТУРНА
ИБЕРНАЦИЈА ВО КОЈА СЕ ПОВЛЕКУВА ЗА ДА ГИ
ЕГУВА "ЖАНРОВСКИТЕ" РАНИ) МУ СЕ
РЕПЛЕТУВААТ ВО ГЛАВАТА СЕКАКВИ МИСЛИ...
"Сите врзани енергии се стремат кон сопствената смрт..."
"Ни преостанува само теориската жестина, спекулирањето со смрт-та, радикализирањето на сите хипотези..."
"Целисходноста исчезна, и моделите се тие што нè генерират..."
Здраво, Наци. Одамна не сме се виделе?
Здраво, Колацција.
26


ВО ТАЈНИОТ КАБИНЕТ, ВО ПРИСУСТВО НА ЉУБОВНИКОТ – ЃАТРОКЛО, БАХУС НА МОНИТОРОТ ГО НАБЉУДУВА ДОАЃАЊЕТО НА СВОЈОТ НЕКОГАШЕН ШТИТЕНИК, ДЕТЕКТИВОТ КОМИНТЕРНА.
CAM 5
SMRHT


Мој драг, стар пријателе!
Ова крваречко срце затреперува секогаш кога ќе те здогледам!
Мислам дека придвиживме нов круг од проблеми, господине...
"Не постојат проблеми; постојат само можности!"


Колацција, те молам да го подготвиш оној филм за прикажување...
Очите ширум отворени, под завои!
Меѓу Бахус и Коминтерна стојат седум години размислувања едниот за другиот. Наци отсекогаш знаел: Бахус никогаш на површината не ги истресува сите информации...
Драг Наци, извини заради непријатностите што ти се случија. Тргни по мене за да ти покажам за што се работи...
Коминтерна исто така знае: Бахусовата тајна служба ја поседува копијата на документот од ковчежето. Можеби и самиот оригинал. Но, Наци сака да го разјасни до крај она во што еднаш беше прекинат, и затоа послушно го следи Бахус.


Во велелепната сала за проекции, Коминтерна, Бахус и Патрокло ги заземаат своите места.
Суштеството со сурла кое те нападна, Наци, се вика Коломбина. Него го ловиме... И уште еден совет, пред да почне филмот: обиди се да се сетиш но оноа што било... Некои работи се повторуваат... Дури и по толку време... Можеби затоа за да не загосподари заборавот?!!


Тогаш нé мачеше проблемот: каква е врската меѓу серијата убиства на девојки со отсечени глави и трката на неколку банди за хартивчето кое, по несреќен след на околности, ѝ припаѓаше на твојата љубена...
ФИЛМОТ ПОЧНУВА, НО БАХУС СÉ УШТЕ НЕ ГО ЗАВРШИЛ ОБРАЌАЊЕТО КОН НАЦИ, КОЈ, ПАК, ЧУДНО, ИМА ЧУВСТВО ДЕКА СЕТО ТОА ВЕЌЕ ГО СЛУШНАЛ, И ДЕКА ОНА ШТО ТРЕБА ДА ГО ВИДИ – ВЕЌЕ ГО ВИДЕЛ!
...Дури и над нејзиниот труп, пресметувајќи се со необичното суштество што ти избега, не успеа, Наци, да сфатиш... Како можеби ни јас!!?
Еве ја таа шепа!
ДАМНЕШНАТА ГРУТКА КАТРАН, СОЗДАДЕНА И ЗАЛЕДЕНА ЕДНОВРЕМЕНО, ТОГАШ, ВО НАЦИ, КАКО, НИЗ ПРИСЕЌАВАЊА, ДА ПОЧНУВА ДА СЕ РАЗЛЕВА...
Микрофилмот се наоѓа во згрчената рака?
Да.
Агентот X-2 го зема микрофилмот од отсечената рака...


Гледај го ова, пак! Во оваа здодевност, дури и тоа ме возбудува!?
...На девојката со отсечена глава!
ПОСЛЕ СЕДУМ ГОДИНИ,ДЕТЕКТИВОТ КОМИНТЕРНА ПОВТОРНО Е СООЧЕН СО ОНА ШТО КАКО НЕКАКОВ ТЕМЕН ПРЕВЕЗ ОСТАНАЛО ПРЕКУ НЕГОВИТЕ СЕЌАВАЧКИ ОЧИ...
DOKUMENT
5
Гледај, гледај... И не ознемирувај се... Стварноста е амфикарпично растение...
Ти се премотуваат сликичките во глава, Наци?!


EXP 2.
На запленетиот микрофилм се наоѓа објаснувањето за документот од закопаното ковчеже. Затоа случајот е повторно отворен.
Откриено е дека документот од ковчежето е само откинато парче од една од страниците на потполно непознатиот материјал што се води под име "Лабрис"...
Извини ме за момент, Наци. Само слушај го филмот и обиди се да разбереш.
EXP X1
Нашиот компјутер го симулираше изгледот на страницата, но мошне грубо, се разбира, бидејќи ние поседуваме само 5% од нешто што е само дел од нешто поголемо!
UH
OH
AH


Ова е градот на Исток, каде што повторно е пронајдена трагата на случајот стар седум години...
Ова е куќата на нашиот агент X-Z...
И неговите остатоци!


СМАЅК
Копнеж, гадење - гнили стапови на нашите оски...
Новиот човек пратен да го испита убиството на агентот Х-2, се води под шифрата Хедона.
Ја виде! Ќе те чека на аеродромот. Ти посакувам многу среќа, Наци, но се надевам дека нема да ти треба!


ТАКА НАЦИ ЌЕ СЕ НАЈДЕ НА АЕРОДРОМОТ, ПОДГОТВЕН ДА ОДИ ДО КРАЈ ВО РАСПЛЕТКУ-ВАЊЕТО НА НАЈНОВАТА МИСТЕРИЈА ВО КОЈА УПАДНА.
EXIT
SKOPJE 9
←5
Како пајажина од пајакови мрсули, сè околу мене...
Но, за почеток, треба да се сочува мирот.


Која тоа се нaзира при испра-
ќањето на Наци Коминтерна?!
Патрокло!?
Бесконечно љубовно
треперење меѓу душата и
господ, ете - Небото, и
ОБЛАЦИТЕ!
Како тоа се
однесувате
господине?!
Како човек со перфо-
рирана сериозност,
Драга моја!
WOOOM
Понекогаш на битието му
останува само тоа: да
трепери и наслушнува како
сеизмографска игла...
ROLD
Дали Коминтерна во своите
мечтаења го наслушнува
суровото суштество,
Коломбина, кое се наоѓа во
истиот авион?!!


Дебеличките се пак во мода...
Се чини дека не...
Она суштество таму со весникот...?!
Затоа Коломбина знае дека Наци е во авионот! Но, дали неговата задача е да го следи познатиот детектив, или да го убие?!
Од далеку, срамежливите пипалки на претчувството и присеќавањето како да го драскаат Наци...


Детективот Наци под себе ја здогледува нокта и едвај видливите први контури на градот...
Драги патници, подгответе се за спуштање...
Точки пудер од светлина...
Детективот Коминтерна претпочита стратифицирано простор-време: "почеток во рано утро е добар почеток".


FLY
EX·i·T
По описот она треба да е Хедона...
Детектив Коминтерна?
FLY
Хедона?!
ВО ЗАДНИНАТА, ВЕШТИОТ ТРАГАЧ КОЛОМБИНА ВНИМАТЕЛНО ЈА НАБЉУДУВА СРЕДБАТА!


Исток, го сакам овој мирис...
CENT
Додека Хедона и Наци седнуваат во автомобилот, Коломбина ги набљудува...
...И смислува гаден план!
Треба да ве одведам на едно место вон градот, господине Коминтерна.
Наци како полека да ги поврзува, слично на отсечени гуштерови опаши, расфрланите нишки што водат до змиското гнездо?!


А каде вие всушност живеете!!?
Коломбина не се одвојува ни за секунда! Кога би живееле во светот на одрази и сенки, Коломбина би бил...
ONE WAY
ONLY 450
Коломбина гледа дека колата на Хедона влегува во едносмерен пат...
...И во својата глава ги подвлекува последните црти под подмолниот план!
Коломбина прво со огромна брзина ја престигнува колата на Хедона...


Какво возење!
Каде ние одиме, Хедона?
Во Градот на Жените, господине. Тамо водат последните траги.
Коминтерна на хоризонтот, далеку пред себе, ја здогледува колата која онака лудо ги престигна, и во него црвите на сомнежот почнуваат да грицкаат и да се преплеткуваат со гуштеровските опаши и змии, како состојки за некаква чудесновишна магија!


ЕТЕ ЗОШТО БРЗАЛ КОЛОМБИНА! ЗА ДА ПОДГОТВИ ЗАСЕДА!!!
ТОЈ МИРНО ГО СКЛОПУВА СВОЈОТ СНАЈПЕР И, БЛИСКУ ДО АВТОПАТОТ, ЈА ЗАЗЕМА НАЈДОБРАТА ПОЗИЦИЈА ЗА ГАЃАЊЕ...


Сомнително, сомнително... Чувствувај! Мрдни ги тие глувчешки гени! Чувствувај!!!
Само што неизмамливиот инстинкт на Наци веќе се приближува до точката на вриење!
Токму во моментот кога Коломбина е подготвен да го стисне чкрапалото, Наци сфаќа!...
...И нагло ја помрднува главата!...
...Туркајќи ја Хедона...
...И спасувајќи ѝ го животот
Коломбина го набљудува превртениот автомобил и чека за да ги испревари преживеаните...


Боже, дај ми сила да го издржам она што не можам да го менувам, храброст да го изменам она што можам, и мудрост да ги разликувам двете!
Не се мрдај. Снајперистот чека...
Дури и ако оваа тенекија експлодира?!
По десетина минути, убеден дека добро си ја извршил работата, Коломбина го напушта местото на настанот...
Хедона, имаш ли некакви претпоставки околу ова што ни се случи?!
Имам чувство на октопод изудиран од камена плоча!
А Наци и Хедона, слушајќи го звукот на заминувачка кола, излегуваат неповредени од смачканата машина.


Одите кон Градот на Жените?
Секогаш одам кон Градот на Жените! Влегувајте!
По триесетина минути стопирање, еден камион застанува...
Да намотам една миризлива цигара?!
Така детективот Коминтерна и специјалниот агент Хедона наоѓаат превоз.
"Една билка месождерка излапала цела свиња!"
Хедона е прилично уморна по сето она што им се случи...
Како ви е името, момче?
Диминуто, господине. Шпанско име, во врска со инквизицијата...


Повелете. Пајакот настанува, ако не сте знаеле, од гнилата прашина или човечкиот мрсул. Пајакот-крсташ затворен во кутија, по седум години се претвора во скапоцено камење!
Ммммм. Фино!
Додека осите настануваат од изгниено коњско месо. Тие во главата ја попречуваат работата на мозокот...
И ТАКА, ПОКРАЈ ДРДОРЛИВИОТ ШОФЕР И "МИРИЗЛИВИТЕ ЦИГАРИ", КАМИОНОТ ГО ПРОДОЛЖУВА ПАТОТ...

ЏУДИТ О'САЛИВЕН

# ИСТОРИЈА НА АМЕРИКАНСКИОТ СТРИП (2)




*Детаљ од Brenda Starr, reporter од DaleMessick, 1945.*

Следбеници на првите слабо-миметични протагонисти на стрипот беа изразито-миметичните херои на Вагнеровите авантуристички стрипови. Под влијание на развојот на технологиите на фотографија и филм, уметниците кои ги креираа овие херојски авантури ги проширија нивните визуелни и вербални репертоари, насликувајќи пространи архитектонски облици, развивајќи комплексни формули за цртање на тело во движење и изразување на емоции на лицето, развивајќи ја линијата на приказната и претставувајќи езотерични иконографии, истовремено искористувајќи ги кинематските техники како што се мултиплицираните агли, варијациите на светлина и сенка, како и драматичниот контраст на светлината и темнината. Додека во првите стрипови беа најчесто прикажани авантури на некој несмасен херој опишани во серија на хумористични или сатирични епизоди, авантуристичкиот жанр го карактеризира храброста, со херојски заплети кои се развиваа низ вековите. Промовиран во 1906 година од Charles W.Kahles во неговата Hairbreadth Harry, но доведен до перфекција во дваесеттите години, авантуристичкиот стрип од една страна беше поврзан со почитуваната традиција на илустрираната книга, и од друга страна, со развојот на обликот во движење. Стриповскиот жанр најблиску се поврза со традицијата на фини уметности, тој им дозволи на уметниците во широк

физички и тематски обем да ги третираат главните теми, покажувајќи голем стил. Земајќи замав во најдобрите денови на гигантскиот стрип додаток во весникот Sunday, авантуристичките цртежи им овозможија на нивните господари да ги заработат почестите како на пример: “Рембрант на стриповите” (Milton Canif) и “Микеланџело на стриповите” (Burne Hogarth). Со драматичното намалување на продукцијата на стриповите во 50-тите години, продукцијата на авантуристичките цртежи опадна, бидејќи редукциите не им дозволуваа на уметниците онолку простор колку што им беше потребен за нивните херојски приказни. Графичките новели од 80-тите години повторно го оживееа овој жанр, но нивната современа црна визија, како онаа во Френк Милеровиот Batman: The Dark Knight Returns, е остар контраст на величенствената интерпретација на човековата природа карактеристична за создавачите на раните авантуристички стрипови.

Покрај фактот дека најголемиот дел од авантуристичките стрипови се развија за време на големата депресија и втората светска војна, тие испеаа романтична химна за човековиот бесконечен потенцијал. Меѓу највозбудливите примери од овој жанр беа научно-фантастичните стрипови како Buck Rogers (1929) напишан од Phil Nowlan и илустриран од Dick Calkins,и Flash Gordon (1934) од Alex Raymond; историските саги за џунглата, како Tarzan (1929) од Hal Foster и Burne Hogarth, Mandrake the Magician (1934) од авторот Lee Falk и уметникот Phil Davis,и Sheena, Queen of the Jungle (1937) од Will Eisner и Samuel M. Iger; средновековните херои , меѓу нив Foster-овиот Prince Valiant (1937);blood-and-guts воени и летачки приказни , како Terry and the Pirates (1934) од Milton Caniff;и стриповите со суперхерои те како Superman (1938) од Jerry Siegel и Joe Shuster,и Wonder Woman (1941) од William Moulton Marston и H.G.Peter.

Лични придонеси за овој жанр имаат Roy Crane и Milton Caniff, кои додадоа драматичен блесок во развојот на стрипот; Alex Raymond, кој создаде стенографија за разграничување на различни карактерни типови; Hal Foster, кој употреби техники од класичните пејсажни традиции; и Burne Hogarth, кој го прикажа обликот на фигурата во движење и создаде богата иконографија во која природата е огледало на човековата ментална состојба.

Додека социјалните коментари во романите креирани од овие уметници добиваа облик на засилен и оптимистички повик кон поагресивен израз, траумата од големата депресија беше експлицитно видлива во работата на Harold Gray, Chester Gould и All Capp. Економскиот колапс, невработеноста, работничките немири и гангстерската ера - тоа се темите на Little Orphan Annie (1924), Dick Tracy (1931), и Li’l Abner (1934). Оваа конзервативна тројка го одрази светот во транзиција во лепеза на различни стилови, менувајќи се од Gray-овиот минимализам (стриповите се копија на поедноставениот регионализам на Grant Wood), преку Gould-овиот извитоперен средновековен menage, до Capp-овиот агитирачки експресионизам. Користејќи различни техники на раскажување на приказните, вклучувајќи уводни коментари, морални примери и долги опашки, од кои секоја изразуваше навреда на анархистичките триесетти, истовремено копнеејќи за поедноставен простор и време. Оваа носталгија беше персонифицирана од добрите селани од Gray-овиот природен Midwest, од екстравагантниот Dick Tracy, и од Capp-овиот природен човек, Li’l Abner.

За време на поголемиот дел од историјата на Американското цртање, па сé до последните 10 или 15 години, традицијата



Banana Oil! од Milt Gross, 1924.




*Mandrake the Magicioan од Lee Falk и Phil Davis, 1940.*

на кратките стрипови во весниците се разви сосема одделно од феноменот на стрипот како роман. Првите стрип романи не беа ништо повеќе од компилација на кратките стрипови, како оние од колекцијата на McCay-овите Dreams of the Rarebit Fiend издадена од F.A.Stokes во 1905 година. Посебна традиција на стрип романите не се разви сé до триесеттите и четириесеттите години, кога се родија добро познатите херои како Супермен. Некои од овие херои подоцна беа адаптирани и во кратките стрипови, но во најголем број случаи хероите од стрип романите не преминаа во весниците; наместо тоа, тие останаа помеѓу кориците на романите понекогаш уживајќи необично долги животи таму, како на пример сé уште ширум светот познатиот Арчи (Archie).

Се повеќе политички активни, индивидуалните цртачи на стрипови ја возвратија битката. Wall Kelly направи карикатура на сенаторот Joseph McCarthy на страниците на Pogo, доделувајќи му ја улогата на Simple J. Malarkey. Сепак, индустриите кои ги ангажираа креаторите на кратките стрипови и стрип романите настојуваа да ги помират таквите критики. Педесеттите години сведочеа за припитомување на авантуристичкиот цртеж на страниците на весниците остварено со последователното доделување на партнерки на главните херои. Беше усвоен кодекс за само-цензурирање. Покрај оваа мерка, како што скоро забележа Forbes-овиот уредник Joe Queenan во весникот New York Times Magazine, " До крајот на Ајзенхуеровите години, бројот од околу 50 издавачи на стрипови се намали на 15, од




*Mutt and Jeff од H.C. Fisher, 1919.*

Во 50-тите години, истовремено и креаторите на стрип романите и нивните колеги, уметниците на кратките стрипови, се здружија во несреќата. Како што ритамот на социјалните промени станувате побрз, се ширеа и темите за стрипови. Во стриповите во весниците, тематските презентации се движеа од литерарни до метафорички. Дик Трејси на пример, можно ја отелотвори гангстерската ера. Принцот Валијант, од друга страна, поетично го предизвика американскиот патриотизам. Како што стриповите станувaa потипизирани, нивните критики станувaa погласни. На лево, поддржувачите на Претседателот Френклин Делано Рузвелт повикуваа на забрана на Little Orphan Anni. На десно, сенатските субкомитети го фокусираа нивното внимание на развивањето на криминалните и хорор стрип романи, нашироко обвинувани за поттикнување на малолетничка деликвенција.

кои повеќето издаваат симпатични, но празни продукти ".

Опаѓањето на бројот на издадени стрипови и рестрикциите на темите што тие ги третираат служеа да одвратат голем број млади уметници од барањето да објавуваат на страниците на традиционалните стрипови. Наместо тоа, се појави експлозија на цртани остварувања познати под името "underground" стрип романи. Работата на неколкумина пионерски издавачи, како што се William Gaines од Mad магазинот, ја инспирираше оваа генерација на уметници да се свртат кон романите повеќе отколку кон кратките стрипови како нивен медиум. Меѓу оние кои потпаднаа под тоа влијание беа R.Crumb и Bill Griffith,кои настојуваа да го отсликаат духот на Витнамската ера во Америка. Преместувајќи ја сцената во Сан Франциско во 60-тите години, преку само-публикации во "underground" магазините,




*Dick Tracy од Chester Gould, 1936.*

тие создадоа ренесанса на цртаните слики. Ниедна тема не беше сметана за света. Исцрпувајќи го до крајни граници уставното право за слобода во изразувањето на чувствата, агресивно настојувајќи да го шокираат сензибилитетот на средовечната, средна класа на Америка, овие уметници ги урнаа сите табуи.

Сепак, како што минуваа годините, истите овие уметници ги проширија нивните репертоари внесувајќи понежни чувства, како и зафаќајќи ја темата за отуѓувањето. Crumb, на пример, се преориентира од цинична сатира на традиционалното семејство, како во Whiteman и Joe Blow, кон страсни анализи на кревката и кршлива природа на брачните и родителските односи, насликани во Aline'n'Bob in our Lovely Home. Griffith-овата Zippy, на големо изненадување на уметникот, беше ширум земјата распространета во регуларните весници од King Features.

До крајот на 80-тите се оствари единствена заемна продукција меѓу индустријата на "underground" стрип романите и кратките стрипови. Делата на поранешните "underground" уметници (Jim Davis-овиот Garfield и Nicole Hollander-овата Sylvia се придружија кон Zippy како основни примери) се споија во главниот правец, достигнувајќи голема популарност и општоприфатеност. Денес, кога се бараат најдобрите уметнички пристапи за развивање на приказната во стриповите, не треба да се гледаат само кратките стрипови во весниците, туку и стрип романите поради иновациите и графичките достигнувања. Последново е посебно евидентно во цртаните автобиографии од 70 и 80-тите години, во кои фокусот е ставен на личното искуство. Најистакнати меѓу овие стрипови се трогателниот American Splendor од Harvey Pekar, непријатните сеќавања на растењето во сиромаштија во соседството на етничкиот Сиетл од Lynda Barry, и секако моќниот Maus: A Survivor's Tale, од Art Spiegelman. Личното гледиште е исто така карактеристично денес кај најпопуларните




*Flash Gordon од Alex Raymond, 1937.*




*Jules Feiffer, 1981.*

новински стрипови , меѓу нив Cathy, еден од првите стрипови за “вработени девојки” напишан од жена, и For Better or for Worse, еден од првите семејни стрипови создаден од сопруга и мајка.

Сега, зближени истовремено и тематски и по големина, стриповите оствариja прогрес почнувајќи од големиот формат и архитипните теми посебно карактеристични за првите стрипови, преку експлозија на кинематски адаптации отелотворени во херојските авантуристички саги, па сè до слабите апстрактни извитоперени изложувања на личните психоанализи. Во современите стрипови, човекот војник стана вистинско мерило за сите работи. Поткопан од историјата, повторно оживеаниот авантуристички стрип, како што е Frank Miller-овиот Batmen: The Dark Knight Returns,е анти-херојски, неговата позадина е опасноста, а неговите протагонисти се бескрупулозни.

Како и бизнисмените кои го создадоа Холивуд, несвесни дека се создавачи на уметничка форма, првите креатори на стрипови не се сметаа себеси за уметнички генијалци, туку за новинари кои ја вршат работата за која се платени. Сепак денес, во ерата на општи образовни можности, релативно малку автори на стрипови имаат дипломи од колеџ. Често самоуки, многумина од нив се издвојуваат од сивилото и стануваат први уметници во генерацијата.

Ниедна тема не е премногу ризична за денешните создавачи на стрипови. Применувајќи го Американското право на слободно изразување на сопственото мислење за прашања од политичка или национална природа, современите стрип мајстори освоија нова тематска територија, од алкохолизам до ксенофобија. Холокаустот, најголемата трагедија во човековата историја е тема на извонредниот Maus во A Survivor’s Tale од Art Spiegelman. Комбинирајќи ги со фантазија анималните и авантуристичките жанрови, од 1973 до 1986 година, Spiegelman разви приказна за неговите родители Ања и Владек. Објавена во роман во 1986 година, Maus помогна да се оформи жанр на графичка новела и ги помести автобиографските стрипови на нови височини на епското изразување.

Во повторното креирање на оваа универзална трагедија, Spiegelman ги искористи со години старите начини за раскажување на приказни. На пример, тој го забрза ритмот на раскажување поместувајќи ја приказната од минатото во сегашноста и менувајќи го местото на настанот од Rego Park, New York до бројни локации во Полска, вклучувајќи го и Аушвиц (Маусшвиц). Останувајќи доследен до стриповските конвенции, тој црташе врз основа на легендите за животни, насликувајќи ги Евреите како глувци, нацистите како мачки. Во Maus, Spiegelman му оддава признание на претходникот на стриповите. Во една епизода, на пример, неговиот татко коментира со невообичаен ентузијазам: “Еден ден ти ќе станеш ПОЗНАТ како... како беше неговото име? ... Знаеш, оној, големата ѕверка ... АХ! ВОЛТ ДИЗНИ!”

Самата позадина често се појавува како лик во современите стрипови, како на пример во Will Eisner-овиот A Contract with God (1978), Harvey Pekar и Drew Friedman-овиот New York: City with a Heart (1987), Mark Alan Stamaty-евите Washingtoons, Kim Deitch-овиот Hollywoodland (1987). Користењето на градот како карактер, беше пионерски потфат на Will Eisner во The Spirit (1940). За разлика од Суперменовиот Metropolis и Бетменовиот Gotham, кои се гламурозни симболи на модерниот прогрес, New York во The Spirit е пропаднат, но поседува голема живост и е последен катализатор за многуте незгоди кои се случуваат таму. За разлика од самиот Spirit, градот е силно агресивен што се навестува уште во првата слика, популарната Eisner-ова “ударна страница”, која дава вовед во секоја авантура. Урбаните џунгли на Charles Burns и гнилото соседство на Kim Deitch содржат многу елементи користени од Eisner-овите дела, вклучувајќи ја темата на влијанието на минатото. Од застарените опасни Њујоршки подземја, па сè до дотраените напуштени дворци на ѕвездите на немиот филм, многу помлади уметници се



Детаљ од Smilin'Jack од Zack Mosley, 1941.

сеќаваат на горчливиот вкус на раната Америка. Визиите за главниот град на земјата, од друга страна се движат од Stamaty-евите Washingtoons, каде што грубо нацртаните "големи ѕверки " (VIP) и "ситната риба" ги пополнуваат рамките до преплавеност, па сé до Trudeau-овата Doonesbury, каде Белата Куќа и Врховниот Суд често се насликани со доста симпатии, што им доделува на овие згради величенственост која може или не може да биде соодветна за дејностите кои се одвиваат во нив.

Додека фините уметности имаа мало влијание врз стриповите, стриповите многу влијаеа врз уметностите и литературата, придонесувајќи со оптимистички, иконографски и лингвистички иновации. Меѓу ваквите наследства се McCay-овите предн-надреалистички истражувања на светот на соништата; Feininger-овите многубројни детски приказни кои навестија некои кубистичките иновации; Milt Gross-овите досетливи јазични игри и графички стилови; Herriman-овата лирска адаптација на басната и етносот; Gray-овиот тотемистички морализам; Gould-овиот суров експресионизам; Caniff-овата игра со варијациите на светлина и сенки; Hogarth-овиот антропоморфистички симболизам.

Напредувајќи од презентација преку апстракција, до оживеаната реалност, овие стилови беа искористени за изразување на фантазиите на неограничениот човечки потенцијал симболизиран преку летот било со магичен кревет, или со вселенски брод, или пак со сопствена моќ, како во Little Nemo, Flash Gordon и Superman; етничкиот Американски страстен ентузијазам за нивната нова татковина, манифестиран во Milt Gross-овиот водвиљ Banana Oil! и Nize Baby, во Harry Hershfield-овиот Abie the Agent и во Frederick Opper-овиот Happy Hooligan; пробирливиот шарм со стил, симпатично даден во McManus-овата "tongue-in-cheek" Bringing Up Father, John Held, Jr.-овата Jazz Age Margy, и Russell Patterson-овата интелектуална Mamie и Film Flam; променливата работна сила опишана во Russ Westover-овиот Tillie the Toiler, Cliff Sterret-овиот Polly and her Pals и Martin Branner-овата Winnie Winkle, the Breadwinner; меѓународните катастрофи како големата депресија и гангстерската ера, моќно отелотворени во Gray-овата Orphan Annie и Gould-овиот Dick Tracy; Америка во нуклеарниот период, нејзините стравови и слабости, документирани во делата на Feiffer, Doonesbury и Sylvia; Американскиот "underground", бунтовнички дадениот глас во R.Crumb-овиот Fritz the Cat и Gilbert Shelton-овиот Fabulous Furry Freak Brothers; внатрешните патувања низ минатото и сегашноста, опфатени во Harvey Pekar-овиот American Splendor, Lynda Barry-евата Ernie Pook's Comeek, и Aline Kominsky-Crumb's Power Pack Comics.

Овие уметници ја пребараа Американската национална свест и ги изразија нивните пронајдоци во фина линија и моќна проза. Преку силни оригинални "pen-and-ink" цртежи од најголемите јавни и приватни колекции, можат да се следат првите изразени идеи од страна на стрип-уметниците за изменување на Америка.

***Превод: Амелија Панева***




*Bill Griffith, 1986.*

# ТЕРИ ГИЛИАМ - Од приватното тефтерче

Кариерата на Terry Gilliam во создавање поетски слики за јавна употреба, со години се одвиваше на филмскиот екран - продукти на неговата режисерска работа се: *Jabberwocky, Time Bandits, Brazil, The Adventures of Baron Munchausen, i The Fisher King.* Пред да почне да се занимава со филмот, Gilliam правеше френетични анимации кои беа составен дел на BBC-комедијата *Монти пајтоновиот летачки циркус.* А уште порано, младиот Тери заработуваше за живот работејќи како цртач и уредник во публикацијата *Help!*, и соработувајќи со Rene Goscinny во *Pilote.*




Овде се прикажани неколку цртежи од неговите лични белешки. Се надеваме дека ќе уживате фрлајќи краток поглед во внатрешноста на умот кој си ја дозволува слободата неопходна во отстранувањето на здраворазумските стеги, зад кои започнува речиси се што барем малку вреди во ова наше фрустрирачко и безвредно постоење.


FLIGHT OF ANGELS

600-500 a.C. - Coloni greci a Emporion (Ampurias), sulla costa di Málaga e Alicante: inizio della colonizzazione greca.

63 d.C. - *Viaggio di S. Paolo in A*
*Inizio diffusione del Cristianesimo.*
98-117 d.C. - Traiano, originari




600-500 a.C. - Coloni greci a Emporion (Ampurias), sulla costa di Málaga e Alicante: ini-
63 d.C. -
Inizio diffusione del Cristianesimo.
98-117 d.C. - Traiano, origina
Baetica, imperatore.
Monkey business
NOISEPAPERS SCREAM FROM EVERY STREET CORNER
ALL THE NOISE THATS FIT TO PRINT
remember back of Palais Royale
THIS ISNT IT
PARIS




## Линда Бари - Како да се нацрта стрип




# ЕВОЛУЦИЈА НА НЕДЕЛНИТЕ СТРИПОВИ

Изложбата "Историја на стрипот", којашто траеше цело лето во Скенектади музејот, презентираше една широка колекција на врамени неделни стрип-табли, следејќи ја еволуцијата на формата и потврдувајќи некои од нејзините величини. Со повеќе од 100 засебни целосни стрип-табли беа опфатени скоро 90 години од стрипот, започнувајќи со луксузните, *Били и храбриот* и завршувајќи со претрупаниот современ *Дилберт* од 1993-та.

Примероци од скоро секој стрип со важност (*Јелоу Кид, Малиот Немо, Лудата мачка, Бастер Браун* и др.), како и егзотични раритети како Вили Кјут и Озарк Ајковите *Дрвени одреди*) беа собрани од повеќе географски оддалечени американски весници.

Коментарите неизбежно беа оскудни; на пр.: "Феноменално успешниот Скипи е директен наследник на денешните подеднакво успешни Калвин и Хобс". Придружниот текст опфаќа широки тематски подрачја и историски настани (*"Богатство од хумор 1910-1929", "Стриповите одат во војна"*), како и посебно обработени стрипови (*Блонди, Пого, Апл Мери* и др.). Иако изложбата беше замислена како пасивна и посебна - ѕид по ѕид од листови од новини, во различна физичка состојба, монтирани и врамени во стакло - впечатокот беше разнородно и изразито уживање: На пр., да се види Мак Манус попознат по својот Bringing up Father (Одгледувајќи го тато), како си го испробува талентот врз The Newlyweds (Штотуку венчани), да се види Руб Гулдберг како црта цела страница од стрипот со Боб Мек Нат и Бил и професорот Батс, да се види и една четиринеделна секвенца од Супермен во која Адолф Хитлер успева да го облече неговиот костум и да се види една единствена табла од Алекс Рејмонд, која е со димензии на целонеделните шлајфни од денешната Ненси.

Изложбата содржеше исто така и цел дожд од оригинални дела (еден дневен каиш со *Малиот Ебнер* од Ал Кеп, еден елегантно спартански каиш од *Пред потопот* од Џони Харт и др.), заокружени со некои скици од Пого. Самата историја на стрипот беше помалку опфатена, содржејќи се најмногу од неколку изложени кутии во кои само насловните страни од стриповите беа видливи, и кои беа тематски и историски аранжирани.

# *кој е бр 1. за г̄рафички дизајн во г̄радов?*



☎ 31 11 22 — Graphics & DTP lab. —

# *...сиг̄урно!*

J. JOHNS




# TEMPLUM

**СПОНЗОР:**

THE SOROS
HUMANITARIAN
FOUNDATION
MACEDONIA

ХУМАНИТАРНА
ФОНДАЦИЈА
СОРОС
МАКЕДОНИЈА


ЛИФТ
- врзувач на светови!
ЛИФТ
Што било доле, ќе биде горе,
и обратно.
Парацелзус
TEMPLUM
СЛЕДНИОТ ЛИФТ ИЗЛЕГУВА НА 25.04.1995